# ЗАКОН ЗА ЗООТЕХНИКА (*)

*Со овој закон се врши усогласување со Регулативата на Европскиот парламент и на Советот од 08 јуни 2016 година за зоотехничките и генеолошки услови за приплод, трговија и пуштање во Унијата на чистокрвни животни за приплод, хибридни свињи за приплод и нивни зачетни производи и за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр 652/2014 и Директивите 89/608/ЕЕЗ и 90/425/ЕЕЗ на Советот и за укинување на одредени акти во областа на приплод на животни (Регулатива за приплод на животни) (CELEX број 32016R1012) и Регулатива на Европскиот парламент од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93/ЕЗ (CELEX број 32014R0910).

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**Предмет**

Со овој закон се уредуваат:

- зоотехничките и генеалошките правила за производство и трговија со животни за приплод и нивните зачетни производи и нивен внес во Република Северна Македонија,
- правила за признавање на организација на одгледувачи и организации на одгледувачи на хибридни свињи и за одобрување на нивните програми за размножување,
- регистрација на признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи,
- надлежноста над спроведување на одгледувачките програми,
- правата и обврските на одгледувачите, признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи,
- услови и барања за запишувањето на домашните животни за приплод во матична книга и регистри за приплод и за прифаќање животни и хибридни свињи за приплод и нивни зачетни производи,
- испитување на продуктивноста и проценка на генетската вредност на животните за приплод,

- услови за издавање зоотехнички сертификати за животните за приплод и нивни зачетни производи,

- управување со генетски ресурси и заштита на генетската варијабилност/биолошката разновидност,
- генетски резерви и автохтони видови, подвидови, раси и линии, како и ген-банки во сточарството,
- создавање нова или обновување на раса домашни животни,
- добивање статус на автохтона раса,
- производство и промет на пчелни матици,
- одгледување живина за приплод,
- начинот и условите на одгледување приплодни животни, живина и медоносни пчели и тоа: копитари, говеда, свињи, овци, кози и кокошки – Gallus domesticus, мисирки – Meleagris gallopavo, патки – Anas domestica и гуски – Anser domesticus (во натамошниот текст: живина) и медоносни пчели - Apis mellifera macedonica (во натамошниот текст: пчели/пчелни матици) и други видови животни што се стопанско корисни,
- административна помош и соработка и
- начини на спроведување на одгледувачки програми и заштита на биолошката разновидност и ген-банките во сточарството.

**Член 2**

**Примена**

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на животни за приплод и нивни зачетни производи во случаите кога овие животни или потомството од овие зачетни производи се наменети да бидат внесени како чистокрвни животни за приплод во матична книга или да бидат регистрирани како хибридни свињи за приплод во регистар за приплод, живина за приплод, пчелни матици, како и животни, живина, пчели, други стопанско корисни животни и нивен приплоден материјал наменети за зачувување на генетската варијабилност и генетските резерви.
(2) Одредбите на овој закон не се применуваат за животни за приплод и нивни зачетни производи кога овие животни и зачетни производи се наменети за технички или научни експерименти извршени под надзор на надлежните органи.
(3) Одредбите на членовите 8 став (4), 12, 13 ставови (3) и (4), 23, 24, 28 став (2) и 35 став (1) од овој закон не се применуваат на трговски друштва во приватна сопственост кои се признати за организации на одгледувачи на хибридни свињи во сточарството, а кои вршат активност во затворени системи за производство.

## Член 3

## Цели на законот

Целта на овој закон е уредување на сточарството заради обезбедување квалитетен приплоден материјал, производство на квалитетни производи од животинско потекло, заштита на биолошката разновидност и ген- банките во сточарството, преку:

- подобрување, односно одржување на особините на животните,
- заштита на разновидноста на геномите и автохтоните раси и/или линии,
- задоволително производство на квалитетни производи од животинско потекло,
- обезбедување на биолошката разновидност во сточарството,
- остварување на правата и обврските на одгледувачите, како и на признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи во сточарството,
- користење на резултатите од стручната, советодавната, истражувачката и образовната работа во областа на сточарството,
- обележување и регистрација на животните, пчелните матици и живината заради одгледувачки цели,
- користење информатички системи во сточарството и

- уредување на прометот со приплоден материјал.

## Член 4

## Поими

Одредени поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **„Животно“** е домашно животно од следниве видови:

а) видот говеда (Bos taurus, Bos indicus и Bubalus bubalis);

б) видот свињи (Sus scrofa);

в) видот овци (Ovis aries);

г) видот кози (Capra hircus) и

д) видот копитари (Equus caballus и Equus asinus).

2) **„Раса“** е популација од животни кои поседуваат доволно еднообразни карактеристики за да бидат сметани за различни од други животни од ист вид на една или повеќе групи одгледувачи,

кои се согласиле да ги внесат овие животни во матичните книги, детално опишувајќи ги нивните познати предци со цел репродукција на нивните наследени карактеристики преку репродукција, размена и селекција во рамките на одгледувачките програми;

3) **„Животно за приплод"** е чистокрвно животно наменето за приплод или хибридна свиња наменета за приплод;

4) **„Зачетни производи"** е семена течност, јајце клетки и ембриони, собрани или произведени од животни за приплод за целите на асистирана репродукција;

5) **„Призната организација на одгледувачи"** е секоја асоцијација или здружение на одгледувачи, организација за приплод или јавен орган согласно со точката 8) на овој член, кој е признаен од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за целите на спроведување на одгледувачки програми за чистокрвни животни за приплод внесени во матична книга или книги кои признатата организација на одгледувачи ги изработува или ги води;

6) **„Призната организација на одгледувачи на хибридни свињи"** е секоја асоцијација или здружение на одгледувачи, организација за приплод, трговско друштво во приватна сопственост, кое врши дејност во затворени системи за производство или јавен орган согласно со точката 8) на овој член, кој е признаен од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за целите на спроведување на одгледувачки програми за хибридни свињи за приплод регистрирани во регистар(и) за приплод, кои тоа ги изработува или ги води;

7) **„Орган за приплод"** е секоја асоцијација на одгледувачи, здружение на одгледувачи, одгледувачко друштво, приватно претпријатие, организација на одгледување животни кои се подобни за приплод или официјална служба во Република Северна Македонија или трета земја, кои во однос на чистокрвните говеда, свињи, овци, кози или копитари за приплод или на хибридните свињи за приплод е одобрена за внес на приплодни животни и приплодни хибридни свињи во Европската Унија и е регистрирано на списокот на органи за приплод на Европската Унија;

8) **„Јавен орган"** се органите на државната управа, организации утврдени со закон, другите државни органи, јавни установи, правните лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општините на градот Скопје и општините во градот Скопје;

9) **„Надлежен орган"** е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кое:

а) ги признава признатите организации на одгледувачи, признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, одгледувалиштата на пчелни матици и регистрирање матични јата од приплодна чисторасна живина, како и ги одобрува одгледувачките програми кои признатите организации на одгледувачи, признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, одгледувалишта на пчелни матици и матични јата од чисторасна приплодна живина ги спроведуваат;

б) спроведува надзор на операторите;

в) укажува помош на други земји во случај на утврдени недоследности и

г) врши други службени активности различни од оние наведени во потточките а) и в) од овaa точка;

10) **„Чистокрвно животно за приплод“** е еквивалент на чисторасно животно и е животно кое ги исполнува условите за влез во главниот дел на матичната книга и е внесено или регистрирано во главниот дел на матичната книга;

11) **„Хибридна свиња за приплод“** е животно од видот свињи кое е регистрирано во регистарот за приплод и е добиено преку слободно вкрстување или се користи за намерно/планирано вкрстување меѓу следниве групи свињи:

а) чистокрвни свињи за приплод од различни раси или линии;

б) свињи за приплод кои самите се резултат на вкрстување (хибрид) меѓу различни раси или линии и

в) свињи за приплод од една од категориите наведени во потточките а) или б) од оваа точка;

12) **„Линија“** е генетски стабилна и еднообразна субпопулација од чистокрвни животни за приплод од одредена раса;

13) **„Матична книга“** е:

а) секоја одгледувачка книга или соодветен запис, датотека или информативен медиум, која ја води призната организација на одгледувачи на животни и доколку призната организација на одгледувачи донесе таква одлука, истата се состои од еден или повеќе дополнителни делови за животните од ист вид, кои не ги исполнуваат условите за влез во главниот дел на матичната книга и

б) соодветно, секоја соодветна книга која ја води орган за приплод кој одгледува животни;

14) **„Главен дел“** е делот од матичната книга во кој подобни за внесување чистокрвни животни за приплод се внесуваат или регистрираат наведувајќи детални податоци за нивните предци и каде што е применливо, за нивните карактеристики;

15) **„Класа“** е хоризонтална поделба на главниот дел во кој чистокрвните животни за приплод се внесуваат според нивните наследни карактеристики;

16) **„Наследна особина“** е квантитативно мерлива особина или генетска особина на дадено животно за приплод, која може да биде наследна;

17) **„Приплодна вредност“** е очекувано влијание на генотипот на дадено животно за приплод, на одредена карактеристика кај неговото потомство; 18) **„Регистар за приплод“** е:

а) секоја датотека или информативен медиум, кој се води од признати организации на одгледувачи на хибридни свињи и во кој се регистрираат хибридните свињи за приплод со детални податоци за нивните предци и

б) онаму каде е соодветно, секој соодветен регистар, кој го води орган за приплод кој одгледува животни;

19) **„Надзор“** е секој вид на надзор кој надлежниот орган преку Државниот инспекторат за земјоделство го врши со цел проверка на усогласеноста со утврдените правила во овој закон;

20) **„Други службени активности“** се сите активности различни од надзорот кои надлежните органи ги вршат во согласност со овој закон, за да се обезбеди примена на правилата утврдени во овој закон;

21) **„Зоотехнички сертификат“** е сертификат за приплод, уверенија или комерцијална документација, кои се издаваат во печатена или во електронска форма за животни за приплод и нивните зачетни производи и во кои се обезбедуваат информации за педигрето,

идентификацијата и кога е достапно, резултати од испитувањето на продуктивноста и проценка на генетската вредност;

22) **„Внесување во Република Северна Македонија“** е дејството со кое животните за приплод и нивните зачетни производи се внесуваат во Република Северна Македонија од територијата на земјите-членки на Европската Унија или од трети земји, со исклучок на транзит;

23) **„Трговија“** е дејството поврзано со купување, продажба, размена или стекнување или ставање во промет на животни, живина и пчели/пчелни матици или нивни зачетни производи;

24) **„Оператор“** е секое физичко или правно лице кое се вбројува во опсегот на правилата предвидени во овој закон како на пример признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, трети лица, идентификувани од страна на признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, центри за собирање или складирање семена течност, центри за чување ембриони, екипи за собирање или производство на ембриони и одгледувачи;

25) **„Загрозена раса“** е локална раса, призната во Република Северна Македонија како загрозена, која е генетски приспособена кон еден или повеќе традиционални системи за производство или средини во Република Северна Македонија и во случаите кога статусот на загрозени раси е научно заверен од орган кој ги има потребните вештини и знаења во областа на загрозените раси;

26) **„Трговско друштво во приватна сопственост кое работи во затворени системи за производство“** е трговско друштво во приватна сопственост кое има една или повеќе одгледувачки програми во која или не учествуваат одгледувачи или учествуваат ограничен број одгледувачи, кои се обврзани од тоа приватно претпријатие да набавуваат хибридни свињи за приплод или да го снабдуваат со хибридни свињи за приплод;

27) **„Одгледувачка програма“** се низа на системски планирани активности, кои вклучуваат: запишување, селекција, приплод и размена на животни за приплод, живина и пчели и нивни зачетни производи, кое е осмислено и се спроведува заради зачувување или подобрување на посакуваните карактеристики на фенотипот и/или генотипот во популацијата во која се спроведува таа одгледувачка програма;

28) **„Автохтони раси“** се раси на добиток кои настанале на подрачјето на Република Северна Македонија;

29) **„Биолошка разновидност во сточарството“** е дел од биолошката разновидност во земјоделството, која се однесува на сточарството и сточарското производство;

30) **„Генетска варијабилност“** е разновидност на геномите;

31) **„Генетска резерва“** е минимален број на животни од двата пола, дози на животинско семе, јајце клетки или ембриони, кои мора да бидат во резерва согласно со одгледувачката програма и за обезбедување заштита на генетската разновидност за одделна раса, како и обезбедување на размножувањето на добитокот во вонредни услови; 32) **„Ген-банка“** е собрана, документирана и зачувана збирка или повеќе збирки на генетски и биолошки материјал во in situ или ex situ форма, заради зачувување на генетската варијабилност на загрозени и приплодни грла од одредена раса, кои се во сопственост на физички, правни лица или јавни органи;

33) **„Популација“** е група на животни, пчели или живина, од ист вид, која може да се размножува непречено и е вклучена во одгледувачките програми;
34) **„Приплоден материјал“** се приплодни грла, пчелни матици и пчелни семејства во селекција, јајца за лежење, семе од животни, јајце клетки и ембриони;
35) **„Пчелно семејство“** е рој од пчели на восочни сотови во пчелно живеалиште (кошница, трмка и друго) кое се состои од една матица, пчели-работнички во текот на целата година и трутови во текот на активна пчелна сезона;
36) **„Натпревар“** е кој било коњички натпревар, вклучувајќи коњички трки, прескокнување препреки, јавање, дресурско јавање, возење во запреги и коњички приредби (манифестации);
37) **„Тестирање на животни“** е пропишан начин за мерење одделни особини на животните и
38) **„Увоз на приплоден материјал“** е секој внес на приплоден материјал на царинското подрачје на Република Северна Македонија, освен внесување заради транзит и привремен увоз на приплодни животни за натпреварување и изложби.

**Член 5**

**Општи зоотехнички и генеалошки правила за трговија со животни за приплод и нивни зачетни производи и за нивното внесување во Република Северна Македонија**

(1) Трговијата со животни за приплод и нивни зачетни производи и внесувањето во Република Северна Македонија на животни за приплод и нивни зачетни производи не се забранува, ограничува или спречува од зоотехнички или од генеалошки причини, различни од причините кои произлегуваат од правилата утврдени во овој закон.
(2) Одгледувачи на животни за приплод, призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или органи за приплод не се дискриминираат врз основа на нивната земја на потекло или земјата на потекло на животните за приплод или нивните зачетни производи.

## II. ПРИЗНАВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ОДГЛЕДУВАЧИ И ОРГАНИЗАЦИИ НА ОДГЛЕДУВАЧИ НА ХИБРИДНИ СВИЊИ И ОДОБРУВАЊЕ ОДГЛЕДУВАЧКИ ПРОГРАМИ

**Член 6**

**Признавање организации на одгледувачи и организации на одгледувачи на хибридни свињи**

(1) Здруженијата на одгледувачи, асоцијациите на одгледувачи, организациите за приплод или јавните органи, можат да поднесат до Министерството за земјоделство, шумарство и

водостопанство (во натамошниот текст: Министерство) барање со пропратна документација за исполнетоста на условите од ставот (4) на овој член во печатена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги за признавање како признати организации на одгледувачи на чистокрвни животни за приплод.

(2) Здруженијата на одгледувачи, асоцијациите на одгледувачи, организациите за приплод, трговските друштва во приватна сопственост кои работат во затворени системи за производство, или јавните органи, можат да поднесат до Министерството барање со пропратна документација за исполнетоста на условите од ставот (4) на овој член во печатена или во електронска форма, со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги за признавање како признати организации на одгледувачи на хибридни свињи за приплод.

(3) Здруженијата на одгледувачи, асоцијациите на одгледувачи, организациите за приплод, трговските друштва во приватна сопственост кои работат во затворени системи за производство или јавните органи стануваат признати организации на одгледувачи или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи доколку се впишани во Регистарот на признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи (во натамошниот текст: Регистарот), кој го води Министерството.

(4) Здруженијата на одгледувачи, асоцијациите на одгледувачи, организациите за приплод, трговските друштва во приватна сопственост кои работат во затворени системи за производство или јавните органи, за да се регистрираат во Регистарот на признати организации на одгледувачи или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи треба да ги исполнат следниве услови:

1) да се правни лица;

2) да располагаат со доволен број квалификуван персонал и соодветни капацитети и опрема за да спроведат ефикасни програми за приплод, за кои имаат намера да побараат одобрување;

3) да се способни да ги извршат потребните проверки за регистрација на педигре на приплодните животни опфатени со предметната програма за приплод;

4) да имаат во однос на секоја програма за приплод доволно голема популација на животни за приплод во Република Северна Македонија, која треба да биде опфатена со тие програми за приплод и

5) да се способни да генерираат или да осигураат генерирање на податоците за животните и да се способни да ги користат собраните податоци во врска со чистокрвни животни за приплод потребни за спроведување на тие програми за приплод.

(5) Правните лица од ставовите (1) и (2) на овој член се запишуваат во Регистарот врз основа на следнава документација:

1) решение и тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија;

2) имотен лист за простории наменети за реализирање на активностите предвидени со одгледувачката програма, доколку се во сопственост на правното лице;
3) договор за закуп или користење на простории наменети за реализирање на активностите предвидени со одгледувачката програма, заверен на нотар, доколку не се во сопственост на правното лице;
4) изјава заверена на нотар за поседување на соодветна опрема наменета за реализирање на активностите предвидени со одгледувачката програма или договор за закуп или користење на истата;
5) доказ дека има на располагање најмалку едно лице со минимум ниво на квалификациите VI А според Македонска рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен од полето добиточно производство (сточарство);
6) М1/М2 обрасци за вработените лица или договор за професионален ангажман;
7) изјава заверна на нотар дека ќе ги спроведуваат потребните проверки за регистрација на педигре на чистокрвни животни за приплод опфатени со одгледувачката програма;
8) изјава заверна на нотар, во однос на секоја одгледувачка програма, дека располага со доволно голема популација животни за приплод;
9) изјава заверена на нотар дека се способни да генерираат или да осигураат генерирање на податоците и да се способни да ги користат собраните податоци во врска со приплодните животни потребни за спроведување на одгледувачките програми;
10) изјава заверена на нотар дека имаат доволен број одгледувачи вклучени во секоја од нивните одгледувачки програми;
11) копија од деловникот за работа заверена на нотар и
12) копија од нацрт-верзија на барем една одгледувачка програма, од оние планирани одгледувачки програми, согласно со членот 7 став (1) од овој закон.
(6) Овластеното службено лице што ја води постапката за запишување во Регистерот, по службена должност ги прибавува доказите од ставот (5) точки 1), 2) и 6) на овој член од надлежниот јавен орган во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, преку Националната платформа за интероперабилност.
(7) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (6) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, преку Националната платформа за интероперабилност.
(8) Министерството во рок од 30 дена по приемот на барањето од ставовите (1) и (2) на овој член, приложената документација од ставот (5) на овој член и мислењето на Советот за сточарство по однос на документацијата од ставот (5) точка 12) на овој член, донесува решение за упис во Регистарот, односно решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот. Решението за упис во Регистарот може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Кога Министерството по спроведена постапка од ставот (8) на овој член ќе донесе решение за одбивање на барањето за упис во Регистарот, е должно да му достави на барателот образложение за својата одлука. Оштетениот барател има право да поднесе приговор до Министерството за неговото решение за одбивање на барањето во рок од 60 дена од денот на приемот на образложението.

(10) Доколку имајќи го предвид приговорот од ставот (9) на овој член, Министерството со решение одлучи да го потврди одбивањето на барањето за упис во регистарот, тоа му доставува на барателот образложено објаснување за причините за одбивање на признавањето во рок од 90 дена од приемот на приговорот на барателот.

(11) Барателот може да поднесе жалба против решението од ставот (10) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(12) Жалбата од ставот (11) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(13) Жалбата од ставот (11) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(14) Признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи се признаваат за период од десет години.

(15) Доколку согласно со членот 10 од овој закон, Министерството ја спроведува одгледувачката програма, во Регистарот се внесуваат податоци и за Министерството.

(16) Кога одобрението за признати организации на одгледувачи или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи е повлечено во согласност со членот 61 став (4) точка 7) од овој закон или одобрувањето на одгледувачката програма е укинато или повлечено во согласност со членот 61 став (4) точка 4) од овој закон, во Регистарот се наведува дека тоа укинување или повлекување е спроведено од страна на Министерството.

(17) Кога во период од 24 месеци одобрението за признавање е наведено како повлечено или одобрението за одгледувачката програма е наведено како укинато или повлечено во Регистарот согласно со ставот (16) на овој член, Министерството конечно ги брише од Регистарот тие признати организации на одгледувачи или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи.

(18) Поблиските услови од ставот (4) точка 2) на овој член, минималната големина на популацијата на животни за приплод од ставот (4) точка 4) на овој член за секој поединечен вид на животни, минималниот број на одгледувачи од став (5) точка 10) на овој член, формата, содржината и начинот на водење на Регистарот, како и формата и содржината на образецот на барањето за признавање како признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: министерот).

(19) Регистарот се води во електронска форма и се објавува на веб-страницата на Министерството.

(20) Одредбите од ставот (5) точки 10) и 11) на овој член не се однесуваат на трговските друштва во приватна сопственост кои работат во затворени системи за производство од став (2) на овој член.

## Член 7

## Одобрување одгледувачки програми(

1) Признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи се должни, најдоцна, во рок од 30 дена од денот на уписот во Регистарот да достават до Министерството барање за одобрување одгледувачка програма со одгледувачка програма во печатена или во електронска форма, со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги, во прилог на кое ја доставуваат и копијата од одгледувачката програма.

(2) Министерството, со решение ја брише од Регистарот признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи, доколку истото не поднесе барање за одобрение на одгледувачка програма со одгледувачка програма во рокот предвиден во ставот (1) на овој член.

(3) Министерството, по претходно мислење на Советот за сточарство, ги одобрува со решение одгледувачките програми под услов тие да имаат една или повеќе од следниве цели:

1) за чистокрвни животни за приплод:

а) подобрување на раса;

б) чување на раса;

в) создавање нова раса и

г) обновување одредена раса;

2) за хибридни свињи за приплод:

а) подобрување на инцијалните раси или линии и

б) создавање на нова раса, линија или крстоска;

3) да ги опишуваат детално целите на селекција и приплод и

4) да ги исполнуваат поблиските барања за одобрување на одгледувачките програми поднесени од признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи и дополнителните барања за одгледувачките програми за чистокрвните копитари за приплод.

(4) Во случај кога Министерството со решение ќе го одбие одобрувањето на одгледувачка програма поднесена од призната организација на одгледувачи и призната организација на одгледувачи на хибридни свињи, признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи, има можност да поднесе коригирана верзија на одгледувачка програма во рок од шест месеци, сметано од денот на влегувањето во сила на решението за одбивање.

(5) Доколку во рокот наведен во ставот (4) на овој член признатa организација на одгледувачи и признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи не поднесе коригирана верзија на одгледувачката програма за приплод или не располага со друга одобрена одгледувачка програма за приплод, Министерството донесува решение за бришење од Регистарот.
(6) Признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, може да доделат специфични технички активности поврзани со реализацијата на своите одгледувачки програми, вклучувајќи и испитување на продуктивноста и оценување на генетската вредност на трето лице избрано од Регистарот на трети лица врз основа на договор, под услов:
1) признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи да бидат одговорни пред Министерството, со цел обезбедување на сообразноста со барањата утврдени во ставот (3) точка 4) на овој член;
2) да не постои конфликт на интереси меѓу третото лице на кое му се доделени специфичните технички активности и стопанските активности на одгледувачите кои учествуваат во одгледувачките програми;
3) третото лице да ги исполнува сите барања за спроведување на овие активности и
4) признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи во барањата од ставот (1) на овој член да ги определат активностите кои имаат намера да ги доделат на трети лица, како и името и податоците за контакт на овие трети лица.
(7) Формата и содржината на образецот на барањето за признавање на одгледувачката програма од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.
(8) Барањата за одобрување на одгледувачките програми поднесени од признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи и дополнителните барања за одгледувачките програми за чистокрвните копитари за приплод од ставот (3) точка 4) на овој член, поблиску ги пропишува министерот.
(9) Решението за одобрување или одбивање на одгледувачка програма може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето.

## Член 8

## Промени во одобрена одгледувачка програма

(1) Пред да направи какви било промени во својата одобрена одгледувачка програма, кои се однесуваат на условите од членот 7 став (3) од овој закон, признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи за хибридни свињи, за овие промени е должна за истото да го извести Министерството, со цел да добие одобрување согласно со ставот (3) на овој член.

(2) Известувањето од ставот (1) на овој член се подготвува во печатена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Министерството врз основа на мислењето на Советот за сточарство одлучува со решение за одобрување или одбивање на овие промени во одобрените одгледувачки програми во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на известувањето од ставот (1) на овој член.
(4) Решението за одобрување или одбивање на промени во одобрените одгледувачки програми се доставува во печатена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето.
(5) Признатите организации на огледувачи и признатите организации на одгледувачи за хибридни свињи, ги информираат навремено и на транспарентен начин одгледувачите кои учествуваат во нивните одгледувачки програми за промените во нивните одгледувачки програми што биле претходно одобрени.

## Член 9

## Исклучоци во врска со одобрувањето одгледувачка програма

(1) По исклучок на членот 7 став (3) од овој закон, Министерството на призната организација на одгледувачи во согласност со членот 6 став (4) од овој закон, а по мислење од Советот за сточарство може да одбие да ја одобри одгледувачката програма на наведената призната организација на одгледувачи која ги исполнува условите, со образложение дека оваа одгледувачка програма би изложила на ризик одгледувачка програма спроведувана од друга призната организација на одгледувачи за истата раса која веќе била одобрена, во однос на најмалку едно од следново:
1) основните особини како расни карактеристики или главните цели на таа одгледувачка програма;
2) зачувувањето на таа раса или на генетската разновидност во рамките на таа раса и
3) ефикасното спроведување на одгледувачка програма, каде што целта на таа одгледувачка програма е заштитата на таа раса:
   а) во случај на загрозена раса или
   б) во случај на автохтона раса.
   (2) Во случаите од ставот (1) на овој член, Министерството го зема предвид:
1) бројот на одгледувачки програми, кои веќе се одобрени за таа раса;

2) големината на популацијата на животни за приплод опфатена со одгледувачката програма и

3) можниот генетски придонес од одгледувачките програми спроведени од други признаени организации на одгледувачи за истата раса во земји-членки на Европската Унија или од органи за приплод во трети земји.

(3) Доколку Министерството го одбие одобрувањето на поднесената програма за приплод претставена од признатата организација на одгледувачи или на признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи во согласност со членот 7 став (1) од овој закон или го одбие одобрувањето на промени во одредена програма за приплод за кои е доставено известување во согласност со членот 8 став (1) од овој закон, во решението за одбивање мора оправдано да ги образложи причините за одбивањето.

(4) Решението за одбивање на одгледувачка програма од ставот (3) на овој член се доставува во печатена или во електронска форма до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето.

**Член 10**

**Спроведување на одгледувачка програма за чистокрвни животни за приплод**

(1) Доколку во Република Северна Македонија нема призната организација на одгледувачи или јавен орган кој спроведува одгледувачка програма за чистокрвни животни за приплод кои припаѓаат на одредена раса од видовите говеда, свињи, овци, кози или копитари, на предлог на Советот за сточарство, Министерството може да одлучи да изработи и да спроведе одгледувачка програма за таа одредена раса, под услов: 1) да постои потреба да се одржи или да се воспостави таа раса и/или 2) таа раса да е загрозена.

(2) Доколку Министерството спроведува одгледувачка програма согласно со одредбите на овој член, мора да ги преземе потребните мерки за да гарантира дека тоа нема да се одрази негативно врз можноста:

1) одгледувачките организации или јавните органи кои одгледуваат животни да бидат регистрирани како признати организации на одгледувачи и

2) на признатите организации на одгледувачи кои имаат одобрена одгледувачка програма.

(3) Кога Министерството спроведува одгледувачка програма за чистокрвни животни за приплод, треба да:

1) располага со квалификуван персонал и соодветни капацитети и опрема за да ја спроведе ефикасно својата одгледувачка програма;

2) ги изврши потребните проверки за регистрација на педигрето на чистокрвни животни за приплод опфатени со својата одгледувачка програма;

3) има доволно голема популација од чистокрвни животни за приплод и доволен број одгледувачи;
4) генерира или да осигура генерирање на податоците и да е способно да ги користи собраните податоци во врска со чистокрвните животни за приплод потребни за спроведување на одгледувачката програма и
5) да донело деловник за работа во кој се уредени прашањата за;
а) решавање на споровите со одгледувачи кои се вклучени во таа одгледувачка програма;
б) обезбедување еднаков третман на одгледувачите кои се вклучени во таа одгледувачка програма и
в) уредување на правата и обврските на одгледувачите кои учествуваат во одгледувачката програма.

(4) Одгледувачката програма од ставот (1) на овој член особено содржи:
1) информации за својата цел, која се однесува на зачувување на расата, подобрување на расата, создавање нова раса, обновување одредена раса или комбинација од нив;
2) името на расата опфатено со оваа одгледувачка програма, со цел да се спречи забуна со слични чистокрвни животни за приплод од други раси кои се внесени во други постоечки матични книги;
3) детални карактеристики на расата, вклучувајќи наведување на основните особини опфатени со таа одгледувачка програма;
4) информации за географската територија каде што таа се спроведува;
5) информации за системот за идентификација на чистокрвни животни за приплод, кој гарантира дека чистокрвните животни за приплод се внесени во матична книга само кога се идентификувани индивидуално и во согласност со прописите од областа на идентификација и регистрација на животни од соодветните видови;
6) информации во врска со системот за регистрација на педигреа на чистокрвни животни за приплод кои се внесени или регистрирани и кои ги исполнуваат условите за запишување во матични книги;
7) изборот и целите за приплод на одгледувачката програма, вклучувајќи наведување на главните цели на оваа одгледувачка програма согласно со точка 1) на овој став и доколку е применливо, детални критериуми за оценување, поврзани со овие цели за изборот на чистокрвни животни за приплод;
8) случаи во кои одгледувачката програма бара спроведување на испитувањето на продуктивноста или проценка на генетската вредност и тоа:
а) информации за системите кои се користат за генерирање, евиденција, комуникација и употреба на резулатите од тестирањето за раст и развој и
б) информации за системот за проценка на генетската вредност и доколку е применливо, за геномската проценка на чистокрвните животни за приплод;
9) правила за поделба на матична книга и критериуми или постапки што се применуваат за евиденција на животни во главните и дополнителните делови на матичната книга или нивна класификација во овие класи кога матичната книга има дополнителни делови или кога главниот дел на матичната книга е поделен на класи;

10) информации за забраните или ограничувањата кај чистокрвни животни за приплод од видот на копитари кога одгледувачката програма ја забранува или ја ограничува употребата на една или повеќе техники за репродукција или користењето на чистокрвни животни за приплод за една или повеќе техники за репродукција, како што е наведено во членот 21 став (2) од овој закон и

11) кога Министерството доделува конкретни технички активности поврзани со управувањето на својата одгледувачката програма на трети лица, информации за овие активности како и името и податоците за контакт со определените трети лица.

(5) Кога Министерството спроведува одгледувачка програма за чистокрвни копитари за приплод, поблиските услови пропишани согласно со прописот од членот 6 став (18) од овој закон и барањата пропишани согласно со прописот од членот 7 став (8) од овој закон се применуваат заедно со барањата од ставовите (3) и (4) на овој член.

(6) Кога Министерството спроведува одгледувачка програма за чистокрвни животни за приплод, за сите промени навремено и на транспарентен начин ги информира одгледувачите кои учествуваат во таа одгледувачка програма.

(7) Кога Министерството спроведува одгледувачка програма за чистокрвни животни за приплод, одредбите од членовите 6, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 25, 26, 28 став (2), 29, 30, 31 и 35 став (1) на овој закон соодветно се применуваат.

(8) За доделување конкретни технички активности на трети лица согласно со ставот (4) точка 11 на овој член поврзани со управувањето на својата одгледувачка програма, Министерството спроведува јавен конкурс.

(9) Барањата кои треба да ги исполнуваат третите лица во врска со условите утврдени во членот 26 од овој закон, како и роковите, динамиката, начинот на избор и висината на надоместокот за спроведувањето на технички активности кои третото лице треба да ги реализира за управување со одгледувачката програма која ја спроведува Министерството, се утврдуваат согласно со јавниот конкурс од ставот (8) на овој член.

**Член 11**

**С Спроведување на одгледувачки програми одобрени од надлежни органи во земји-членки на Европската Унија на територијата на Република Северна Македонија**

(1) Признатa организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи со одобрена програма за приплод од надлежен орган на земја-членка на Европската Унија, може да го прошири спроведувањето на програмата за приплод на

територијата на Република Северна Македонија врз основа на барање по основ на кое Министерството донесува решение за одобрување.
(2) Со цел проширување на спроведувањето на одгледувачката програма на територијата на Република Северна Македонија, надлежниот орган на земјата- членка на Европската Унија, која ја признала организација на одгледувачи или организација на одгледувачи на хибридни свињи треба да:
1) го извести Министерството најмалку 90 дена пред планираниот датум за спроведување на програмата за приплод во Република Северна Македонија и по барање на Министерството, обезбеди превод на известувањето на македонски јазик и неговото кирилско писмо и
2) по барање на Министерството, најмалку 60 дена пред планираниот датум за започнување на спроведувањето на програмата за приплод во Република Северна Македонија, да обезбеди копија од одобрената програма за приплод, придружена со превод на македонски јазик и неговото кирилско писмо, кој го обезбедува организацијата на одгледувачи или организацијата на одгледувачи на хибридни свињи.
(3) Министерството во рок од 90 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (2) точка 1) на овој член, може да одбие да го одобри спроведувањето на територијата на Република Северна Македонија на програми за приплод, ако:
1) во Република Северна Македонија веќе се спроведува одобрена програма за приплод за чистокрвни животни за приплод од истата раса и
2) одобрувањето на уште една програма за приплод би ја изложила на ризик програмата за приплод спроведена од друга организација на одгледувачи или организација на одгледувачи на хибридни свињи за истата раса, која веќе била одобрена во Република Северна Македонија во однос најмалку на едно од следниве:
а) основните знаци на карактеристиките на раса или главните цели на оваа програма за приплод или
б) зачувување на оваа раса или на генетската разновидност во рамките на оваа раса или
в) ако целта на програмата за приплод е зачувување раса, ефикасно спроведување програми за приплод:
- во случај на опасност од загрозена раса или
- во случај на локална раса која не е вообичаена на една или повеќе територии на Европската Унија.
(4) Министерството го информира надлежниот орган на земјата-членка на Европската Унија за својата одлука во врска со известувањето од ставот (2) точка 1) на овој член, а во случај кога го одбива одобрението за спроведување на соодветната програма за приплод на територијата на Република Северна Македонија, ги образложува причините за одбивањето.
(5) Доколку Министерството не одговори во рок од 90 дена од денот на доставувањето на известувањето од ставот (2) точка 1) на овој член, тоа известување ќе се смета за одобрување.
(6) Доколку Министерството го одбие одобрувањето во согласност со ставот (3) на овој член, ја информира Европската комисија за неговото одбивање и обезбедува оправдано образложение за ова одбивање.
(7) Доколку Министерството го одбие одобрувањето согласно со ставот (3) на овој член, а организацијата на одгледувачи или организацијата на одгледувачи на хибридни свињи која има

намера да ја спроведе оваа програма за приплод во Република Северна Македонија поднесе приговор на одбивањето, Министерството и надлежниот орган на земјата- членка на Европската Унија кој ја признал таа организација на одгледувачи или организацијата на одгледувачи на хибридни свињи, разменуваат податоци во однос на поднесениот приговор.
(8) Надлежниот орган на земја членка на Европската Унија кој ја признал таа организација на одгледувачи или организацијата на одгледувачи на хибридни свињи, го информира Министерството за промените во програмите за приплод, кои се одобрени согласно со членот 8 став (3) од овој закон.
(9) На барање на Министерството, признаените организации на одгледувачи или организации на одгледувачи на хибридни свињи кои спроведуваат одгледувачка програма на територијата на Република Северна Македонија, му доставуваат најнови информации, особено во врска со бројот на одгледувачи и животни за приплод за кои се спроведува оваа програма за приплод во Република Северна Македонија.
(10) Министерството го повлекува решението за одобрување на програмата за приплод од ставот (1) на овој член доколку во текот на најмалку 12 месеци сметано од денот на издавањето на решението за одобрување, во програмата за приплод не учествува ниту еден одгледувач од Република Северна Македонија.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОДГЛЕДУВАЧИТЕ, НА ПРИЗНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДГЛЕДУВАЧИ И НА ПРИЗНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОДГЛЕДУВАЧИ НА ХИБРИДНИ СВИЊИ И ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА

### Член 12

### Права на одгледувачите кои учествуваат во одобрени одгледувачки програми

(1) Одгледувачите имаат право на учество во одобрена одгледувачка програма доколку:
1) нивните животни за приплод се наоѓаат во фарми на територијата на Република Северна Македонија и
2) нивните животни за приплод припаѓаат на одредената раса (во случај на чистокрвни животни за приплод) или на одредената линија или крстоска (во случај за хибридни свињи за приплод), која/кои се дефинирани во одредената одгледувачка програма.
(2) Одгледувачите кои се вклучени во одобрена одгледувачка програма имаат право на:
1) впишување на нивните чистокрвни животни за приплод во главниот дел на матичната книга, изработена за соодветната раса од здружението на одгледувачи во согласност со членовите 18 и 20 од овој закон;

2) запишување на нивните животни во дополнителниот дел на матичната книга изработена за соодветната раса од призната организација на одгледувачи, во согласност со членот 20 од овој закон;
3) регистрирање на нивните хибридни свињи за приплод во регистар за приплод, изработен за соодветната раса, линија или вкрстување од призната организација на одгледувачи на хибридни свињи согласно со членот 23 од овој закон;
4) учество во извршувањето на испитување на продуктивноста и проценка на генетската вредност согласно со членот 25 од овој закон;
5) добивање на зоотехнички сертификат согласно со членот 29 од овој закон;
6) на нивно барање, да им се обезбедат актуелните резултати од испитување на продуктивноста и оценката на генетската вредност за нивните животни за приплод, доколку овие резултати се достапни и
7) пристап до сите други услуги обезбедени во врска со одгледувачката програма на инволвираните одгледувачи од призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи која ја спроведува одгледувачката програма.
(3) Доколку согласно со Деловникот за работа од членот 14 од овој закон на предметната призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи се предвидува членство, одгледувачите од ставот (1) на овој член, покрај правата утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член имаат право и:
1) на стекнување членство во соодветната призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи и
2) на учество во утврдувањето и развојот на одгледувачката програма во согласност со Деловникот за работа од членот 14 од овој закон.

**Член 13**

**Права и обврски на признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи**

(1) Во вр (1) Во врска со своите одобрени одгледувачки програми, признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи имаат право да ги определат и да ги спроведуваат овие одгледувачки програми самостојно, под услов тие да ги почитуваат одредбите од овој закон и сите услови за нивно одобрување согласно со овој закон.

(2) Признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи имаат право да ги исклучат од учество во одредена одгледувачка програма

оние одгледувачи кои не ги почитуваат правилата на одгледувачката програма или обврските утврдени во Деловникот за работа од членот 14 од овој закон.

(3) Покрај правото од ставот (2) на овој член, признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи кои предвидуваат можност за членство, имаат право да ги исклучат од членството одгледувачите кои не ги почитуваат своите обврски утврдени во Деловникот за работа од членот 14 од овој закон.

(4) Признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи одлучуваат во прв степен за споровите кои можат да произлезат меѓу самите одгледувачи или меѓу признатата организација на одгледувачи и одгледувачите или меѓу признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи и одгледувачите при спроведувањето на одобрените одгледувачки програми, во согласност со Деловникот за работа од членот 14 од овој закон.

(5) Незадоволните одгледувачи можат да покренат управен спор против одлуката на признатата организација на одгледувачи, односно одлуката на признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката од ставот (4) на овој член.

**Член 14**

**Деловник за работа**

(1) Признатата организација на одгледувачи, односно признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи, треба да донесе Деловник за работа, кој особено содржи правила за:

1) решавање спорови со одгледувачите, вклучени во нивните одгледувачки програми;

2) обезбедување на еднаков третман на одгледувачи, вклучени во нивните одгледувачки програми;

3) утврдување на правата и обврските на одгледувачите кои се вклучени во нивните одгледувачки програми и правата и обврските на признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи и

4) утврдување на правата и обврските на членовите одгледувачи кога е предвидено членство за одгледувачите.

(2) Во Деловникот за работа од ставот (1) на овој член не смеат да се утврдат правила со кои се спречуваат одгледувачите кои учествуваат во одгледувачката програма:

1) во слободата при селекцијата и приплодот на своите животни за приплод;
2) во правото за внесувањето на своето потомство на овие животни за приплод во матичната книга или да го регистрираат во регистри за приплод и
3) во можноста да бидат сопственици на своите животни за приплод.

## III. ВНЕСУВАЊЕ ЖИВОТНИ ЗА ПРИПЛОД ВО МАТИЧНИ КНИГИ И РЕГИСТРИ ЗА ПРИПЛОД И ПРИЕМ ЗА ПРИПЛОД

### Член 15

### Структура на матични книги

Матичните книги се состојат од главен дел, како и од еден или повеќе дополнителни делови во случаите кога тоа е наведено во одобрената одгледувачка програма.

### Член 16

### Главен дел на матичните книги

(1) Кога признатите организации на одгледувачи утврдуваат различни критериуми или процедури за запишување на чистокрвни животни за приплод во различни класи, овие признати организации на одгледувачи можат да го поделат главниот дел на матичната книга на класи:
1) во зависност од наследните карактеристики на животните и тие можат дополнително да се поделат во овие класи во зависност од возраста или полот или
2) во зависност од возраста или полот на животните под услов тие класи да се поделени на ист начин врз основа на нивните наследни карактеристики.
(2) Согласно со критериумите и процедурите од ставот (1) на овој член, може тоа чистокрвно животно за приплод пред внесување во конкретна класа на главниот дел на матичната книга да се бара да помине тестирање на продуктивноста или оценување на генетската вредност согласно со членот 25 од овој закон или кој било друг начин на оценување опишано во одобрената одгледувачка програма, пред внесувањето во конкретната класа на главниот дел на матичната книга на класи.
(3) Ако одгледувачката програма одредува дополнителни барања за внесување во главниот дел на матичната книга поинакви од барањата утврдени согласно со прописот од членот 18 став (4) од овој закон, признатата организација на одгледувачи што ја спроведува оваа одгледувачка програма определува во наведениот главен дел барем една класа во која по барање на одгледувачите се внесуваат чистокрвните животни за приплод кои ги исполнуваат барањата утврдени согласно со прописот од членот 18 став (4) од овој закон.

## Член 17

### Дополнителни делови на матични книги

Признатите организации на одгледувачи можат да оформат еден или повеќе дополнителни делови во матичната книга за животни од истата раса кои не ги исполнуваат условите за внес во главниот дел, доколку правилата утврдени во одгледувачката програма овозможуваат потомството на овие животни да биде внесено во главниот дел на матичната книга во согласност со барањата од прописот од членот 18 став (4) од овој закон и тоа:

- за женски грла од видот говеда, свињи, овци и кози,
- за загрозени раси говеда, свињи, овци и кози или „отпорна“ раса на овци или

- за машки и женски животни од видот копитари.

## Член 18

### Внесување на чистокрвни животни за приплод во главниот дел на матичната книга

(1) На барање од одгледувачите, признатата организација на одгледувачи ги внесува или ги регистрира за впишување во главниот дел на своите матични книги сите чистокрвни животни за приплод од расата која е опфатена од нивната одгледувачка програма, под услов овие животни да ги задоволуваат барањата утврдени согласно со прописот од ставот (4) на овој член или доколку овие животни се потомци на животните за приплод или добиени од нивните зачетни производи да ги задоволи со барањата утврдени во членот 21 од овој закон.
(2) Признатите организации на одгледувачи не смеат да одбијат внесување во главниот дел на своите матични книги на предметното чистокрвно животно за приплод врз основа на тоа дека истото е веќе внесено во главниот дел во матичната книга за истата раса или при одгледувачка програма за вкрстување спроведена за чистокрвни копитари за приплод - за различна раса, изработена од друга призната организација на одгледувачи или од орган за приплод.
(3) Кога главниот дел на матичната книга е поделен на класи, чистокрвните животни за приплод што ги исполнуваат барањата за впишување во главниот дел на матичната книга се внесуваат од признатата организација на одгледувачи во класа што одговара на наследните карактеристики на наведените чистокрвни животни за приплод.
(4) Барањата за внесување чистокрвни животни за приплод во главниот дел на матичната книга ги пропишува министерот.

## Член 19

**Отстапување од условите за внесување животни во главниот дел на матични книги во случај на создавање нова раса или обновување на одредена раса**

(1) По исклучок од членот 18 став (1) од овој закон, кога една призната организација на одгледувачи спроведува одобрена одгледувачка програма за раса за која не постои матична книга во Република Северна Македонија или во ниту една земја-членка на Европската Унија или во трета земја, таа призната организација на одгледувачи може да внесува во главниот дел на новоформираната матична книга чистокрвни животни за приплод или потомци на чистокрвни животни за приплод од различни раси или какво било животно за кое призната организација на одгледувачи смета дека одговара на карактеристиките на оваа нова раса и каде што е применливо, ги исполнува минималните барања за резултати од испитување на продуктивноста, дефинирани во одгледувачката програма.

(2) Признатите организации на одгледувачи кои имаат корист од исклучокот утврден во ставот (1) на овој член:

1) определуваат во својата одгледувачка програма рок за формирање нова матична книга, која е соодветна на генерацискиот интервал на видот, односно на расата;

2) упатуваат на која било постоечка матична книга во која чистокрвните животни за приплод или нивните родители биле внесени за прв пат по нивното раѓање, заедно со оригиналниот регистарски број во односната матична книга и

3) идентификуваат, во својот систем за регистрирање педигре, животни кои се сметаат за основна популација на расата.

(3) Кога одредена призната организација на одгледувачи има намера да обнови раса која исчезнала или е сериозно загрозена од исчезнување, Министерството може да донесе решение, со кое ќе ? дозволи на признатата организација одгледувачи да впише во главниот дел на матичната книга потомци на чистокрвни животни за приплод од раса која ќе се обновува, или од чистокрвни животни за приплод или потомци на чистокрвни животни за приплод од други раси кои се внесени во обновувањето на оваа раса или секое друго животно за кое признатата организација на одгледувачи смета дека одговара на карактеристиките на расата која ќе се обновува и која ги исполнува минималните барања за резултати од испитување на продуктивноста, кои се дефинирани во одгледувачката програма, доколку:

1) се постави рок за создавање погодна или обновување на таа матична книга која за соодветната раса во одгледувачката програма;

2) се упати на секоја матична книга во која чистокрвните животни за приплод или нивните предци биле внесени заедно со оригиналниот регистарски број во соодветната матична книга и

3) животните кои признатата организација на одгледувачи ги смета дека се основна популација за обновување на расата и се идентификуваат во системот за регистрација на педигреа.

(4) Признатата организација на одгледувачи која има намера да го искористи исклучокот од ставот (1) на овој член или намерата за обнова на расата од ставот (2) на овој член, утврдува детален план за создавање или обновување раса во својата одгледувачка програма.

(5) Кога се создава или обновува раса во согласност со ставовите (1), (2) и (3) на овој член, Министерството јавно во електронска форма ги објавува овие информации на својата веб-страница и соодветно ги запишува во Регистарот.

## Член 20

### Евиденција на животни во дополнителните оддели и впишување на нивното потомство во главниот дел

(1) Во случај кога признатите организации на одгледувачи изработуваат дополнителни оддели во согласност со членот 17 од овој закон, на барање на одгледувачите, признатите организации на одгледувачи запишуваат во соодветните дополнителни оддели согласно со членот 17 од овој закон, животни од видовите опфатени со нивната одгледувачка програма кои не ги исполнуваат условите за внесување во главниот дел. Овие животни треба да ги исполнуваат барањата пропишани согласно со прописот од ставот (3) на овој член.
(2) На барање на одгледувачите, признатите организации на одгледувачи го внесуваат потомството на животните во главниот дел, предвиден во членот 16 од овој закон и го сметаат тоа потомство за чистокрвни животни за приплод доколку потомството ги исполнува барањата пропишани согласно со прописот од членот 18 став (4) од овој закон, а се однесуваат за запишување во главниот дел.
(3) Барањата за запишување животни во дополнителни оддели на матичната книга ги пропишува министерот.

## Член 21

### Прифаќање чистокрвни животни за приплод и на нивни зачетни производи за приплод

(1) Признатата организација на одгледувачи која спроведува одобрена одгледувачка програма за одредена раса ги прифаќа:
1) за природно парење - сите чистокрвни животни за приплод од истата раса;
2) за вештачко оплодување/осеменување - семената течност собрана од чистокрвни говеда за приплод кои поминале оценување на генетската вредност согласно со овој закон;
3) за вештачко оплодување/осеменување - семената течност собрана од чистокрвни: свињи, овци или кози за приплод кои поминале испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност согласно со овој закон;

4) за вештачко оплодување/осеменување, семената течност собрана од чистокрвни копитари за приплод кои поминале - кога тоа се бара од одобрената одгледувачка програма, испитување на продуктивноста или оценка на генетската вредност согласно со овој закон;
5) за трансфер на ембриони, јајце клетки собрани и користени за in vitro производство на ембриони и добиени in vivo ембриони, зачнати со користење на семената течност од точките 2) или 3) на овој став, под услов овие јајце клетки и ембриони да биле собрани од чистокрвни говеда, свињи, овци или кози за приплод кои поминале испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност согласно со овој закон;
6) за трансфер на ембриони, јајце клетки собрани и користени за in vitro производство на ембриони и добиени in vivo ембриони, зачнати со користење на семената течност од точката 4) на овој став, под услов овие јајце клетки и ембриони да биле собрани од чистокрвни копитари за производство кои поминале - кога тоа се бара со одобрената одгледувачка програма - испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност согласно со овој закон и
7) за тестирање машки чистокрвни говеда, свињи, овци и кози, за приплод семената течност собрана од чистокрвните животни за приплод кои не биле подложени на испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност, под услов таа семена течност да се користи единствено за целите на тестирање на овие машки чистокрвни животни за приплод и тоа во ограничени количества кои овозможуваат на признатата организација одгледувачи да ги спроведе овие тестови согласно со овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член во случај на чистокрвни копитари за приплод, дозволено е признатата организација на одгледувачи да може да забрани или да ограничи користење на една или повеќе техники за репродукција наведени во ставот (1) на овој член или користење чистокрвни животни за приплод за една или повеќе од тие техники за репродукција, вклучувајќи ја и употребата на нивни зачетни производи, под услов забраната или ограничувањето да е наведено во нивните одобрени одгледувачки програми.

(3) Секоја забрана или ограничување наведена во одгледувачката програма на призната организација на одгледувачи која ја изработила матичната книга за потеклото на таа раса е обврзувачка за одгледувачките програми на признатите организации на одгледувачи кои изработуваат матична книга за истата раса.

(4) Во случај на загрозена раса предметната призната организација на одгледувачи може да го забрани или да го ограничи користењето на чистокрвни животни за приплод од соодветната раса, вклучувајќи ја и употребата на зачетни производи, кога таквата употреба би го изложила на ризик зачувувањето или генетската разновидност на таа раса.

(5) Семената течност од машките грла од ставот (1) точка 7) на овој член, собрано од машките чистокрвни животни за приплод кои се внесени во главниот дел на матичната книга изработена од признатата организација на одгледувачи што спроведува одобрена одгледувачка програма, се прифаќа од друга призната организација на одгледувачи која спроведува друга одобрена одгледувачка програма за истата раса, под истите услови и квантитативни ограничувања за испитување на продуктивноста, а кога е применливо и оценка на генетската вредност која се применува за неговите сопствени машки чистокрвни животни за приплод.

(6) За целите во ставовите (1) и (5) на овој член, зачетните производи од чистокрвни животни за приплод утврдени во ставовите (1) и (5) на овој член се собираат, произведуваат и се

обработуваат и се чуваат во Центар за собирање или складирање на семена течност од мажјаци или од тим за собирање и производство на ембриони, одобрен за трговија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.
(7) По исклучок од ставот (6) на овој член, дозволено е собирање, производство, обработка и складирање за користење зачетни производи од чистокрвни животни за приплод на територијата на Република Северна Македонија во Центар за собирање или складирање семе/сперма од мажјаци, во центар за чување на ембриони од тим за собирање и производство на ембриони или од специјално обучен кадар, одобрен во земја-членка на Европската Унија.
(8) По исклучок од ставот (1) точки 2), 3) и 5) на овој член, кога целта на дадена одобрена одгледувачка програма е зачувување и заштита на генетската разновидност во рамките на расата, испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност се врши само кога согласно со таа одгледувачка програма се бара такво испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност.

**Член 22**

**Методи за проверка на идентитет**

(1) Кога чистокрвните говеда, овци, кози и копитари за приплод се користат за собирање семена течност од мажјаци за вештачко оплодување/осеменување, признатите организации на одгледувачи може да побараат тие чистокрвни животни за приплод да се идентификуваат преку анализа на нивната крвна група или преку друг соодветен метод, како што е анализа на ДНК.
(2) Кога животните за приплод од видовите говеда, свињи, овци, кози и копитари се користат за собирање јајце клетки и ембриони и кога приплодни свињи за приплод се користат за собирање семена течност од мажјаци за вештачко оплодување/осеменување, признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи можат да бараат овие животни за приплод да бидат идентификувани на еден од начините утврдени во ставот (1) на овој член.
(3) Министерството врз база на стручни мислења потврдени од Советот за сточарство одобрува методи за проверка на идентитетот на животни за приплод, под услов методите да обезбедат најмалку исто ниво на точност како анализата на крвната група на наведените животни за приплод, земајќи го предвид техничкиот напредок и препораките на референтните центри на Европската Унија, Меѓународниот комитет за контрола на продуктивноста кај животните ((International Committee for Animal Recording), (во натамошниот текст: ICAR) и на Меѓународниот комитет за евиденција на животните или меѓународното здружение за генетиката на животните (ISAG).

## Член 23

### Регистрирање хибридни свињи за приплод во регистри за приплод

(1) На барање на своите одгледувачи, признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи ја регистрираат во својот регистар за приплод секоја хибридна свиња за приплод од истата раса, линија или крстоска, која ги исполнува следниве услови:

1) хибридната свиња за приплод е потомок на родители и родителите на нивните родители кои се внесени во матична книга или регистрирани во регистри за приплод;

2) хибридната свиња за приплод е идентификувана по раѓањето во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство и со правилата изложени во одобрената одгледувачка програма;

3) хибридната свиња за приплод има утврдено родителство во согласност со правилата изложени во одобрената одгледувачка програма и

4) кон хибридната свиња за приплод кога тоа се бара се приложува, зоотехнички сертификат.

(2) Регистарот за приплод од ставот (1) на овој член се води во електронска форма и се објавува на веб-страницата на признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи.

(3) Признати организации на одгледувачи на хибридни свињи не смеат да одбијат да ги регистрираат во своите регистри за приплод хибридните свињи за приплод кои биле регистрирани согласно со ставот (1) на овој член во регистарот за приплод, кој е изработен за истата раса, линија или крстоска во Република Северна Македонија или во земја- членка на Европската Унија.

## Член 24

### Прифаќање хибридни свињи за приплод и на нивни зачетни производи за приплод

(1) Признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи кои спроведуваат одобрени одгледувачки програми за хибридни свињи за приплод од одредена раса, линија или крстоска, ги прифаќаат:

1) за природно парење - сите хибридни свињи за приплод од истата раса, линија или крстоска, утврдени во одгледувачката програма;

2) за вештачко оплодување/осеменување - семена течност од мажјаци собрана од хибридни свињи за приплод кои биле подложени на испитување на продуктивноста или проценка на

генетската вредност во согласност со овој закон, кога тоа се бара со одобрената одгледувачка програма;
3) за трансфер на ембриони – јајце клетки собрани и користени за in vitro производство на ембриони и добиени in vivo ембриони, зачнати со користење на семе/сперма од мажјаци наведено од точка 2) на овој став, доколку овие јајце клетки и ембриони биле собрани од хибридни свињи за приплод кои биле подложени на испитување на продуктивноста или проценка на генетска вредност во согласност со овој закон, кога тоа се бара со одобрената одгледувачка програма и
4) за тестирање машки чистокрвни свињи за приплод, семена течност од мажјаци собрана од хибридни свињи за приплод кои не биле подложени на испитување на продуктивноста или проценка на генетската вредност, доколку тоа семе/сперма од мажјаци се користи единствено за целите на тестирање на овие машки хибридни свињи за приплод и тоа во ограничени количини, кои овозможуваат на одгледувачката организација да ги спроведе овие тестови во согласност со методите од членот 25 од овој закон.
(2) Машките хибридни свињи за приплод, регистрирани во регистар за приплод изработен од призната организација на одгледувачи на хибридни свињи која спроведува одобрена одгледувачка програма, и нивните зачетни производи треба да бидат прифатени од друга призната организација на одгледувачи на хибридни свињи која спроведува одгледувачка програма за истата раса, линија или крстоска во Република Северна Македонија или во земја-членка на Европската Унија или од орган за приплод од трета земја за испитување на продуктивноста и кога е применливо, проценка на генетската вредност, под истите услови и квантитативни ограничувања кои се применуваат за неговите сопствени хибридни свињи за приплод.
(3) За целите на ставовите (1) и (2) на овој член, зачетните производи од хибридни свињи за приплод утврдени во ставовите (1) и (2) на овој член се собираат, произведуваат, обработуваат и се чуваат во Центар за собирање или складирање семена течност од мажјаци или од тим за собирање и производство на ембриони одобрен за трговија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, дозволено е собирање, производство, обработка и складирање зачетни производи од хибридни свињи за приплод на територијата на Република Северна Македонија во Центар за собирање или складирање семе од мажјаци, во Центар за чување на ембриони од тим за собирање и производство ембриони или од специјално обучен кадар, одобрен во земја- членка на Европската Унија.

## V. ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОДУКТИВНОСТА И ОЦЕНУВАЊЕ НА ГЕНЕТСКАТА ВРЕДНОСТ

## Член 25

### Методи за испитување на продуктивноста и на генетската вредност

(1) Кога призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или трето лице спроведува испитување на продуктивноста или на генетската вредност на животни за приплод, таа призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или третото лице гарантира дека испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност се врши:

1) за чистокрвни животни за приплод од видот: говеда, свињи, овци и кози, хибридни свињи, во согласност со барањата и методите пропишани согласно со прописот од ставот (3) на овој член и

2) за чистокрвни копитари за приплод – во согласност со одобрената одгледувачка програма спроведена од соодветната призната организација на одгледувачи.

(2) Кога призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или трето лице, идентификувани од страна на овие признати организации на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи, вршат испитување на продуктивноста или на генетската вредност, тие воспоставуваат и користат методи за испитување на продуктивноста или на генетската вредност кои се научно прифатливи во согласност со воспоставените зоотехнички принципи, правила и стандарди и ги земаат предвид, доколку има такви и тоа:

1) правилата и стандардите за испитување на продуктивните и генетските вредности утврдени од соодветните референтни центри на Европската Унија или

2) во отсуство на овие правила и стандарди - принципите одобрени од ICAR.

(3) Методите и принципите за испитување на продуктивноста или на генетската вредност од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(4) Листата на референтните центри на Европската Унија од ставот (2) точка 1) на овој член ја објавува министерот.

## Член 26

### Спроведување испитување на продуктивноста, генетската вредност и спроведување на специфични зоотехнички активности

(1) Кога испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност е предвидено да се врши во согласност со одобрена одгледувачка програма, признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи:

1) го спроведуваат сами испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност или

2) назначуваат трети лица на кои ќе се додели испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност.

(2) За вршење на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност третите лица кои имаат намера да бидат назначени треба да се правно лице и да ги исполнуваат барањата во однос на:

1) објектите и опремата потребни за спроведување на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност;

2) соодветно квалификуван персонал и

3) способност за извршување на испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност во согласност со членот 25 од овој закон.

(3) Третите лица треба да поднесат барање со пропратна документација за регистрирација до Министерството за запишување во Регистарот на трети лица во печатена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и одредбите од областа на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член, третите лица ја доставуваат следнава документација:

1) решение и тековна состојба, доказ дека не им е изречена забрана за вршење професија дејност на правно лице, привремена забрана за вршење на одделна дејност - санкција, привремена забрана за вршење на одделна дејност - казна, трајна забрана за вршење на одделна дејност издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

2) имотен лист за објекот доколку е сопственост на правното лице или договор за користење под закуп на содветен простор, заверен на нотар, доколку просторот не е во сопственост на правното лице;

3) изјава заверена на нотар за поседување соодветна опрема за спроведување одредени мерки и активности од ставот (1) на овој член;

4) доказ дека има на располагање најмалку едно лице со ниво на квалификации VII според Македонската рамка на квалификации или завршен VIII степен од полето добиточно производство (сточарство);

5) М1/М2 обрасци за вработени лица или договор за професионален ангажман и

6) изјава заверена на нотар за докажување на способност за испитување на продуктивноста или на генетската вредност.

(5) Овластеното службено лице кое ја води постапката за запишување во Регистарот од ставот (3) на овој член по службена должност ги прибавува доказите од ставот (4) точка 1) на овој член од надлежниот јавен орган во рок од три работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член преку Националната платформа за интероперабилност.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член, преку Националната платформа за интероперабилност.

(7) Министерството во рок од 30 дена по приемот на барањето од ставот (3) на овој член и приложената документација од ставот (4) на овој член донесува решение за упис во регистарот на трети лица, односно решение за одбивање на барањето за упис во регистарот.

(8) Решението за регистрација на третите лица се издава за период од десет години и може да биде издадено и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето.
(9) Барателот може да поднесе жалба против решението од ставот (7) на овој член со кое се одбива барањето за упис во регистарот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.
(10) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.
(11) Жалбата од ставот (9) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(12) Министерството води Регистар на трети лица во електронска форма и истиот го објавува на својата веб-страница.
(13) Поблиските барања од ставот (2) на овој член, формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот (12) на овој член и формата и содржината на образецот на барањето за признавање трети лица од ставот (3) на овој член, ги пропишува министерот.
(14) Признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи мора да ги направат јавно достапни деталните информации за трети лица на кои им е доделено испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност.

**Член 27**

**Бришење од Регистарот на трети лица**

(1) Статусот на регистрирано трето лице престанува да важи доколку третото лице:
1) повеќе не ги исполува барањата од членот 26 став (2) од овој закон или
2) о утврдените неправилности во работењето не обезбедува изведување на работите за кое истото било регистрирано.
(2) Пред да издаде решение за бришење од Регистарот на трети лица, Министерството на третото лице со известување му определува рок од 60 дена за отстранување на утврдената неправилност.

(3) Доколу неправилноста не се отстрани во рокот од ставот (2) на овој член, Министерството донесува решение за бришење од Регистарот на трети лица.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член, третото лице има право во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(5) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 28**

**Обврски на признатата организација на одгледувачи и признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи и третите лица кои вршат испитување на продуктивноста или на генетската вредност**

(1) Кога одредената призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи спроведува испитување на продуктивноста или на генетската вредност на животни за приплод или ги доделува овие активности на трето лице, признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи, на барање на Министерството доставува:
1) евиденција на сите податоци добиени од оценувањето од испитување на продуктивноста или на генетската вредност за животни за приплод од фармите, лоцирани на територијата на Република Северна Македонија;
2) податоци за применетите методи на запишување и контролирање на особините;
3) детални податоци за описот на моделот за оцена на продуктивноста, употребен во анализата на резултатите од испитувањето на продуктивноста;
4) детални податоци за статистичките методи кои се користат за анализа на резултатите од испитувањето на продуктивноста за секоја оценувана особина и
5) детални податоци за генетските параметри кои се користат за секоја оценувана особина вклучувајќи, каде што е применливо, детали за геномско оценување.
(2) Признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи или третото лице назначено да ги врши овие активности, ги објавува и ажурира резултатите од проценката на генетската вредност на животни за приплод, чија семена течност од мажјаци е употребена за вештачко осеменување согласно со членот 21 став (1) точки 2), 3) и 4) и членот 24 став (1) точка 2) од овој закон.

(3) Признатa организација на одгледувачи или признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи кои сами вршат испитување на продуктивноста или на генетската вредност или трети лица кои се назначени од страна на признатa организација на одгледувачи или од страна на признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи, може да се обврзат дека ќе ги почитуваат правилата и стандардите поставени од ICAR или да учествуваат во активности спроведени од референтни центри на Европската Унија.

## VI. ЗООТЕХНИЧКИ СЕРТИФИКАТИ

### Член 29

### Издавање, содржина и форма на зоотехничките сертификати кои се приложуваат кон животните за приплод и нивните зачетни производи

(1) На барање на одгледувачите, за своите животни за приплод или нивни зачетни производи кои учествуваат во одредена одобрена одгледувачка програма, признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи, која ја спроведува одобрената одгледувачка програма им издава зоотехнички сертификат.

(2) Зоотехничките сертификати кои се приложуваат кон животните за приплод или нивните зачетни производи се издаваат од:

1) признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи кои спроведуваат одобрени одгледувачки програми за приплод за тие животни за приплод;
2) Министерството, согласно со членот 10 од овој закон и
3) орган за приплод.

(3) Признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи се должни зоотехничките сертификати да ги доставaт навремено.

(4) Кога животните за приплод кои биле внесени во матичната книга што ја води признатa организација на одгледувачи или се регистрирани во регистар за приплод кој се води од признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи или со нивните зачетни производи се тргува и кога тие животни за приплод или нивните потомци, произведени од тие зачетни производи се наменети за упис или за регистрирање во друга матична книга или регистар за приплод, тие животни за приплод или нивните зачетни производи мора да се придружени со зоотехнички сертификат.

(5) Признатата организација на одгледувачи или признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи која ги испорачува животните за приплод или нивните зачетни производи за кои се води матична книга или регистар за приплод во кои се внесени или регистрирани овие животни за приплод, за тие животни издава зоотехнички сертификат.

(6) Кога животни за приплод кои биле внесени во матична книга или се регистрирани во регистар за приплод кои ги води орган за приплод или нивни зачетни производи се внесуваат или изнесуваат од Република Северна Македонија и кога овие животни за приплод или потомци кои произлегуваат од наведените/нивните зачетни производи се наменети за впишување во матична книга која ја води призната организација на одгледувачи или се регистрирани во регистар за приплод кој го води призната организација на одгледувачи на хибридни свињи, овие животни за приплод или нивните зачетни производи мора да се придружени со зоотехнички сертификат издаден од органот за приплод.

(7) Зоотехничките сертификати од ставовите (4), (5) и (6) на овој член треба да:

1) ги содржат податоците пропишани согласно со прописот од ставот (10) на овој член и
2) се усогласени со зоотехничките сертификати согласно со ставот (10) на овој член.

(8) Признатата организација на одгледувачи или органот за приплод кој одгледува домашни животни врши оцена на продуктивноста или на генетската вредност или и двете активности во согласност со својата одгледувачка програма или ги доделува овие активности на трети лица, во издадениот зоотехнички сертификат за чистокрвни животни за приплод или нивни зачетни производи, ги наведува:

1) резултатите од испитувањето на продуктивноста;
2) ажурираните резултати на генетската вредност и
3) генетските дефекти и генетските особености во врска со одгледувачката програма која се однесува на тоа животно за приплод или на донаторите на зачетните производи.

(9) Призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или орган за приплод кое/кои одгледуваат животни кои вршат испитување на продуктивноста или на генетската вредност или и двете активности во согласност со својата одгледувачка програма, или ги доделува овие активности на трети лица, во издадениот зоотехнички сертификат за хибридна свиња за приплод или нејзини зачетни производи, кога се бара со таа одгледувачка програма, ги наведува:

1) резултатите од испитувањето на продуктивноста;
2) ажурираните резултати на генетската вредност и
3) генетските дефекти и генетските особености во однос на одгледувачката програма која се однесува на тоа животно за приплод или на донаторите на зачетните производи.

(10) Формата и содржината на зоотехничките сертификати ги пропишува министерот.

## Член 30

**Исклучоци од условите за издавање, содржина и форма на зоотехничките сертификати за трговија со животни за приплод и нивни зачетни производи**

(1) По исклучок од членот 29 став (2) точка 1) од овој закон, се дозволува зачетните производи да бидат придружени со зоотехнички сертификат издаден врз основа на информациите добиени од призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи од Центар за собирање или складирање на семена течност или од страна на тим за собирање или производство на ембриони, кои се одобрени за трговија во Република Северна Македонија и во Европската Унија, за наведените зачетни производи во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.

(2) По исклучок од членот 29 став (7) точка 2) од овој закон, Министерството може да дозволи формите на зоотехничките сертификати пропишани согласно со прописот од членот 29 став (10) од овој закон да не се користат, доколку:

1) станува збор за чистокрвни животни за приплод од видот: говеда, свињи, овци и кози, хибридни свињи за приплод и кога информациите кои се наведени во зоотехничките сертификати пропишани согласно со прописот од членот 29 став (10) од овој закон се содржат во други пропратни документи приложени за наведените чистокрвни животни за приплод, издадени од призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи и

2) станува збор за зачетни производи од видот на говеда, свињи, овци, кози и копитари и:

а) информациите поврзани со донаторите на зачетните производи се содржат во други документи или во копии на оригиналот на зоотехничките сертификати издадени и заверени од операторите наведени во ставот (1) на овој член, кои се приложуваат за наведените зачетни производи пред или по испраќањето на предметните зачетни производи, се обезбедуваат на барање од призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или други оператори и

б) информациите поврзани со семена течност, јајце клетки или ембриони се содржат во други документи приложени со предметната семена течност, јајце клетки или ембриони, издадени од призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи или други оператори.

(3) По исклучок од членот 29 став (8) точки 1) и 2) и став (9) точки 1) и 2) од овој закон, кога резултатите од испитувањето на продуктивноста или оценката на генетската вредност се општо достапни на веб-страницата на операторот, во зоотехничките сертификати или во документите наведени во ставот (1) на овој член, призната организација на одгледувачи, или другите оператори, можат да вклучат упатување кон веб-страницата на која се објавени тие резултати.

**Член 31**

### Исклучоци од барањата во врска со формата на зоотехничките сертификати издадени за чистокрвни копитари за приплод

(1) По исклучок од членот 29 став (1) од овој закон, кога станува збор за чистокрвни копитари за приплод, податоците од содржината на зоотехничкиот сертификат за копитари утврдени во прописот од ставот (4) на овој член да се наведат во единствениот доживотен идентификациски документ за копитари.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога ажурираните резултати од испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност го вклучуваат и датумот на оценка, генетските дефекти и генетските особености кои се поврзани со одгледувачката програма, но и со самото чистокрвно грло се општо достапни на веб-страницата на операторот, Министерството може да одобри податоците од содржината на зоотехничките сертификати утврдени во прописот од ставот (4) на овој член да не се вклучуваат во единствениот доживотен идентификациски документ за копитари, доколку признатата организација на одгледувачи се повикува на таа веб-страница во единствениот доживотен идентификациски документ за копитари.
(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај на бремени (ждребни) грла кога датата на инсеменација или оплодување на грлото се наведени/содржани и во други документи издадени од признатата организација на одгледувачи за чистокрвни животни за приплод внесени во матична книга која ја води соодветна призната организација на одгледувачи, Министерството може да одобри податоци наведени во ставот (1) на овој член како и податоците пропишани согласно со прописот од ставот (4) на овој член да не се вклучуваат во единствениот доживотен идентификациски документ за копитари, доколку призната организација на одгледувачи се повикува на таа веб-страница на операторот во единствениот доживотен идентификациски документ за копитари.
(4) Формата и содржината на образецот на зоотехничкиот сертификат за копитари ги пропишува министерот.
(5) Формата и содржината на единствениот доживотен идентификациски документ за копитари ги пропишува министерот.

### Член 32

### Исклучоци од условите за издавањето, содржината и формата на зоотехничките сертификати за внесување во Република Северна Македонија на животни за приплод и нивни зачетни производи

(1) По исклучок од членот 29 став (2) точка 3) и став (6) од овој закон, зачетните производи можат да бидат пропратени со зоотехнички сертификат издаден од органот за приплод, врз основа на информациите добиени од Центар за собирање или за складирање на сперма или од

тим за собирање или за производство на ембриони, кои се одобрени за внесување на наведените зачетни производи во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.

(2) По исклучок од членот 29 став (7) точка 2) од овој закон, не е неопходно да се користат обрасците наведени во членот 29 став (7) точка 2) од овој закон, доколку:

1) одредени податоци од зоотехничките сертификати се содржани и во други документи приложени за животното за приплод или неговите зачетни производи и

2) органот за приплод кој спроведува одгледувачка програма или друг оператор, наведен во ставот (1) на овој член, обезбедува исцрпна листа на тие документи, изјавувајќи дека податоците наведени во зоотехничките сертификати се содржани во овие документи и истите ги заведува.

(3) По исклучок од членот 29 став (8) точки 1) и 2) и став (9) точки 1) и 2) од овој закон, кога резултатите од испитувањето на продуктивноста или на генетската вредност се општо достапни на веб-страницата на операторот, во зоотехничките сертификати или во документите наведени во ставот (2) точка 1) од овој член, органите за приплод или другите оператори наведени во ставот (1) на овој член, можат да упатат на таа вебстраница.

## VII. ОПШТИ ЗООТЕХНИЧКИ И ГЕНЕАЛОШКИ ПРАВИЛА ЗА ТРГОВИЈА СО ЖИВОТНИ ЗА ПРИПЛОД И НИВНИ ЗАЧЕТНИ ПРОИЗВОДИ И ЗА НИВНОТО ВНЕСУВАЊЕ, УВОЗ ВО И ИЗВОЗ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Член 33

### Општи зоотехнички и генеалошки правила за трговија со животни за приплод и нивни зачетни производи и за нивното внесување, увоз во и извоз од Република Северна Македонија

(1) Право на извоз на приплоден материјал во земјите-членки на Европската Унија имаат признатите организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, Центри за собирање или складирање на семена течност, Центри за чување на ембриони, екипи за собирање или производство на ембриони, доколку истите се регистрирани како органи за приплод од страна на Европската комисија.

(2) Регистрирањето во списокот на органи за приплод на Европската комисија се врши преку Министерството, кое докажува со соодветна документација дека признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, Центрите за собирање или складирање на семена течност, Центрите за чување на ембриони, екипите за собирање или производство на ембриони ги исполнуваат следниве барања:

1) спроведува одобрена одгледувачка програма која е еквивалентна на одгледувачка програма која се спроведува во Европската Унија од признати организации на одгледувачи за истата раса

во Европската Унија или признати организации на одгледувачи на хибридни свињи за истата раса, линија или крстоска во Европската Унија, во однос на:

а) внесување животни за приплод во матична книга или нивно регистрирање во регистри за приплод;

б) прифаќање животни за приплод за репродукција;

в) користење зачетни производи од животни за приплод за испитување и репродукција
и

г) методите што се користат за испитување на продуктивноста и проценување на генетската вредност;

2) спроведува одобрени одгледувачки програми за одредена раса животни согласно со овој закон, а за која не се води матична книга во земјите-членки на Европската Унија;

3) е предмет на надзор или контрола и

4) се осигурува дека животните за приплод кои се внесуваат во матична книга од признати организации на одгледувачи или се регистрираат во регистри за приплод од признати организации на одгледувачи на хибридни свињи и потомството кое потекнува од зачетни производи на тие животни за приплод се внесени или ги исполнуваат условите за запишување согласно со овој закон.

(3) Приплодниот материјал при увозот мора да биде придружен и со соодветен доказ за неговата здравствена исправност согласно со одредбите од Законот за ветеринарното здравство.

(4) Приплодниот материјал при извозот и увозот мора да биде придружуван со пропишаните соодветни зоотехнички документи, согласно со овој закон.

(5) За увоз на приплоден материјал покрај барањата од ставот (1) на овој член, може да се потребни и дополнителни зоотехнички барања во врска со производните својства, одгледувачката вредност и други стопански особини, кои ги пропишува министерот.

**Член 34**

**Еднаквост на мерките кои се применуваат на животни за приплод во трети земји**

(1) Министерството може да донесе одлука со која се прифаќаат мерките спроведени во одредена трета земја доколку тие мерки се еквивалентни на бараните мерки утврдени во овој закон во однос на:

1)признавањето на признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи;

2) одобрувањето на одгледувачките програми на признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи;
3) внесувањето чистокрвни животни за приплод во матична книга и регистрирање хибридни свињи за приплод во регистри за приплод;
4) прифаќањето животни за приплод предвидени за репродукција и одгледување;
5) користењето на зачетните производи од животни за приплод за испитување и репродукција;
6) испитување на продуктивноста или на генетската вредност и
7) службената контрола на оператори.

(2) Одлуките од ставот (1) на овој член се донесуваат врз основа на:
1) информациите и податоците доставени од третата земја која сака нејзините мерки да бидат признати за еквивалентни на бараните мерки од овој закон и
2) задоволителни резултати од извршена контрола на доставените информации и податоци од точката 1) од овој став.

(3) Во одлуките од ставот (1) на овој член, се наведуваат редот и барањата согласно со кои се регулира внесувањето животни за приплод и нивни зачетни производи и тие вклучуваат:
1) форма и содржина на зоотехничките сертификати кои се приложени со тие животни за приплод или нивните зачетни производи и /или
2) специфични барања применливи за внесување на предметните животни за приплод или на нивни зачетни производи како и службената контрола која треба да се изврши врз тие животни за приплод или нивни зачетни производи при внесувањето.

(4) Министерството без непотребно одлагање донесува одлуки со кои се укинуваат одлуките од ставот (1) од овој член, кога некое од барањата за признавање еднаквост на мерките утврдени во моментот на нивното донесување не е исполнето.

## Член 35

### Внесување во матични книги или регистрирање во регистрите за приплод на животни за приплод и потомство кое произлегува од нивни зачетни производи кои биле внесени во Република Северна Македонија

(1) По прием на барање од одгледувач, призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи која одгледува животни, го внесува во главниот дел на својата матична книга или го регистрира во регистар за приплод секое животно за приплод, кое било внесено во Република Северна Македонија и потомството кое произлегува од зачетни производи кои биле внесени во Република Северна Македонија, кога:

1) животното за приплод или донаторите на зачетните производи се внесени во матична книга или регистрирани во регистар за приплод, кои ги води орган за приплод или оператор регистриран во Европската Унија кој одгледува животни во земјата на испраќање;
2) зачетните производи ги исполнуваат барањата утврдени во членот 21 став (1) или ставот (2) од овој закон, кога тоа е условот на одгледувачката програма спроведена од соодветната признатa организација на одгледувачи или соодветната признатa организација на одгледувачи на хибридни свињи;
3) предметното животно за приплод одговара на карактеристиките на расата или при хибридни свињи за приплод - на карактеристиките на расата, линијата или крстоската утврдени во одгледувачката програма, спроведена од соодветната призната организација на одгледувачи или призната организација на одгледувачи на хибридни свињи и
4) органот за приплод наведен во точката 1) на овој став е вклучен во списокот на органи за приплод кој го води Европската комисија.
(2) Не смее да се забрани, ограничи или попречи, врз основа на зоотехнички или генеолошки податоци, внес во Република Северна Македонија на животни за приплод или на нивни зачетни производи и последователна употреба на тие животни или нивните зачетни производи, кога тие животни за приплод или донаторите на зачетните производи се внесени во матична книга или се регистрирани во регистар за приплод, кој ги води орган за приплод вклучен во списокот кој го води Европската комисија или оператор регистриран во земја-членка на Европската Унија.

**Член 36**

**Проверки за правото на конвенционалната царинска стапка за чистокрвни животни за приплод кои се внесуваат во Република Северна Македонија**

(1) Кога оператор кој е одговорен за пратка од чистокрвни животни за приплод, бара примена на соодветна царинска стапка за чистокрвните животни за приплод, утврдена согласно со Законот за царинската тарифа, за животните од предметната пратка:
1) со овие животни се приложува:
а) зоотехничкиот сертификат наведен во членовите 29 или 31 од овој закон и
б) документ кој укажува дека тие треба да бидат внесени во матична книга која ја води призната организација на одгледувачи или регистрирани во регистар за приплод кој го води призната организација на одгледувачи на хибридни свињи;
2) проверките на оваа пратка се вршат на граничните премини во кои се вршат проверките на документи, проверките за идентитет и физички контроли утврдени во прописите за официјални контроли на животни од увоз на гранични премини.
(2) Проверките од ставот (1) точка 2) на овој член се со цел да се провери дали:
1) со пратката се приложени документите наведени во ставот (1) точка 1) на овој член и

2) содржината и обележувањето на пратката да одговараат на податоците содржани во документите од ставот (1) точка 1) на овој член.

## Член 37

## Собирање податоци за одгледувачката вредност на коњите

(1) Натпреварувањето на копитари во Република Северна Македонија се спроведува во согласност со правилата за натпревари (во натамошниот текст: правила).
(2) Правилата ги донесуваат и за нивната примена се одговорни спортските федерации од областа на коњичките спортови (во натамошниот текст: спортски сојузи или федерации).
(3) Правилата не смеат да вршат дискриминација меѓу копитарите по потекло и/или регистрирани во Република Северна Македонија и копитарите по потекло и/или регистрирани во други земји.
(4) Правилата важат за:
1) барања за пријавување за натпреварување, а особено во однос на минималните или максималните барања;
2) судењето на натпреварувањето и
3) паричните награди или добивки што можат да се добијат од натпреварувањето.
(5) Правилата не се применуваат во организацијата на:
1) натпревари наменети за копитари запишани во посебни матични книги кои се наменети за унапредување на расата;
2) регионални натпревари наменети за селекција на копитари и
3) историски или традиционални настани.
(6) Спортските сојузи или федерации ги доставуваат правилата до Министерството заради информирање.

## Член 38

## Одговорности на организаторите на натпревари

(1) Организаторите на натпреварот ги применуваат правилата од членот 37 од овој закон и се одговорни за:

1) организација и спроведување на натпреварот со цел да се гарантира правилно и успешно спроведување на натпреварот;
2) исполнување на сите обврски утврдени согласно со овој закон поврзани со правилното спроведување на натпреварот и исполнување на сите финансиски обврски, распределба на пари од награди или добивки што можат да произлезат од натпреварот;
3) такси за влез, такси, депозити, награди (вклучително и спонзорски награди) и апликации и
4) собирање податоци за сите релевантни резултати на натпреварување.
(2) Организаторите на натпреварувањето треба да ги достават до Министерството резултатите од натпреварувањето во рок од 30 дена од денот на завршувањето на натпреварот.

**Член 39**

**Производство и промет на пчелни матици**

(1) Производство на пчелни матици наменети за промет, согласно со овој закон можат да го вршат правни лица кои се регистрирани како одгледувалишта на пчелни матици во Регистарот кој го води Министерството во електронска форма и истиот го објавува на својата веб-страница.
(2) Правно лице за да може да се регистрира како одгледувалиште на пчелни матици мора да ги исполнува особено следниве критериуми:
1) да има вработено или да има на располагање едно лице со ниво на квалификации минимум VII/1 според македонската рамка на квалификации од полето добиточно производство (сточарство) или од полето пчеларство;
2) да има објекти за чување опрема и
3) да има одгледувачка програма.
(3) Одгледувалиштата на пчелни матици по претходно добиено позитивно мислење од Советот за сточарство, Министерството со решение го регистрира во Регистарот на одгледувалишта на пчелни матици, врз основа на поднесено барање со пропратна документација во печатена или во електронска форма, со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Во решението за регистрирање во Регистарот на одгледувалишта на пчелни матици се определува делокругот и територијата на работење, како и заштитниот појас на истите. Решението за упис во Регистарот се издава за период од пет години и може да биде издадено во печатена форма или во форма на електронски документи, кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето согласно

со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Против решението со кое се одбива барањето за регистрирање во регистарот на одгледувалишта за пчелни матици, барателот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(6) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

(8) Поблиските критериуми од ставот (2) на овој член и формата и содржината на образецот на барањето како и пропратната документација од ставот (3) на овој член, ги пропишува министерот.

(9) Ставањето на пчелните матици во промет мора да биде придружено со зоотехнички сертификат.

(10) Начинот на одгледувањето, производството и прометот на пчелните матици од ставот (1) на овој член, формата и содржината на зоотехничкиот сертификат за пчелна матица, преместувањето на пчелниот приплоден материјал, како и големината на заштитениот појас околу регистрираните одгледувалишта на пчелни матици, ги пропишува министерот.

## Член 40

## Одгледувачка програма за пчелни матици

Одгледувачката програма за одгледување на пчелни матици особено треба да содржи:

1) податоци за нејзините цели, а особено за одржувањето, подобрувањето на популацијата/линиите;

2) деталните карактеристики на подвидот, опфатен со одгледувачката програма, вклучувајќи наведување на основни особини;

3) податоци за географската територија каде што се спроведува или каде е предвидено да се спроведе одгледувачката програма;

4) податоци за системот за идентификација на пчелните семејства и матици кои треба да обезбедат дека истите се вклопуваат во евидентни листови и зоотехнички сертификати;

5) податоци во врска со системот на идентификација на пчелните матици;

6) селекцијата и целите на одгледувачката програма, вклучувајќи наведување на главните цели на оваа програма и кога е применливо, детални критериуми за оценување, поврзани со целите на селекцијата и
7) доколку одгледувачката програма бара спроведување на испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност:
а) податоци во врска со системите кои се користени за генерирање, евиденција, комуникација и користење на резултатите од испитување на продуктивноста и
б) податоци во врска со системите за оценување на генетската вредност и кога е применливо, за геномската проценка на користените генотипови.

**Член 41**

**Постапување со матичното јато од чистокрвна приплодна живин**

(1) Приплодна чистокрвна живина може да се произведува само од јајца за лежење (инкубација) кои потекнуваат од матични јата од чистокрвна живина.
(2) Правното лице - сопственик на матичното јато од чистокрвна приплодна живина поднесува барање за упис во Регистарот на чистокрвна приплодна живина, со пропратна документација во печатена форма или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги и тоа:

1) да има вработено или има ангажирано едно лице со ниво на квалификации минимум VII/1 според македонската рамка на квалификациите од полето добиточно производство (сточарство);
2) да има објекти за чување опрема и 3) да има одгледувачка програма.

(3) По претходно добиено позитивно мислење од Советот за сточарство за одгледувачката програма од ставот (2) на овој член, Министерството со решение го впишува или одбива да го впише во регистарот од ставот (2) на овој член сопственикот на матичното јато. Решението за упис во Регистарот, кое се издава за период од пет години, може да биде издадено во печатена форма или во електронска форма, кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член со кое се одбива барањето за регистрирање во регистерот на матични јата на живина, барателот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(5) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Регистарот од ставот (2) на овој член Министерството го води во електронска форма и го објавува на својата веб-страница.
(7) Формата и содржината на образецот на барањето и пропратната документација, како и формата и содржината на регистарот од ставот (2) на овој член, го пропишува министерот.

## Член 42

### Одгледувачка програма за матични јата од чистокрвна приплодна живина

Одгледувачката програма за одгледување чистокрвна приплодна живина особено треба да содржи:
1) податоци за нејзините цели, особено за: одржувањето, подобрувањето на расата или обновување на расата;
2) името на расата;
3) деталните карактеристики на расата, опфатена со одгледувачката програма, вклучувајќи наведување на основните особини;
4) податоци за географската територија каде што се спроведува или каде е предвидено да се спроведе одгледувачката програма;
5) податоци за системот за идентификација на чистокрвната живина;
6) податоци во врска со системот за запишување на чистокрвните индивидуи живина;
7) селекцијата и целите на одгледувачката програма, вклучувајќи наведување на главните цели на програмата и кога е применливо, детални критериуми за оценување поврзани со целите на селекцијата и
8) доколку одгледувачката програма бара спроведување на испитување на продуктивноста или оценување на генетската вредност:
а) податоци во врска со системите кои се користени за генерирање, евиденција, комуникација и користење на резултатите од испитување на продуктивноста и
б) податоци во врска со системите за оценување на генетската вредност и кога е применливо, за геномската проценка на живината за приплод.

## Член 43

### Бришење од регистрите за одгледувалишта за пчелни матици и матични јата на живина

(1) Статусот на регистрираните одгледувалишта на пчелни матици и регистрираните матични јата од чистокрвна приплодна живина престанува да важи и истото се брише од Регистарот на одгледувалишта на пчелни матици, односно од Регистарот на матични јата на живина доколку:

1) престанало да исполнува некој од пропишаните критериуми;
2) не ја спроведува одгледувачката програма и
3) со истекот на рокот на регистрирање.

(2) Пред да издаде решение за бришење од регистарот, Министерството определува рок од 30 дена за отстранување на утврдената неправилност и за истото го известува одгледувалиштето.
(3) Доколку неправилноста не се отстрани во рокот од ставот (2) на овој член, Министерството носи решение за бришење од регистарот, кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Против решението од ставот (3) на овој член, носителот на решението за регистрираното одгледувалиште на пчелни матици и регистрираното матично јато од чистокрвна приплодна живина има право во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(5) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма, со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

## VIII. ЗАЧУВУВАЊЕ НА ГЕНЕТСКАТА ВАРИЈАБИЛНОСТ И ГЕНЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ

## Член 44

### Зачувување на генетската варијабилност

(1) Република Северна Македонија ги обезбедува и одржува генетските резерви за одделни видови, подвидови, раси и линии во форма на минимален број на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни, семенски дози, јајце клетки или ембриони.
(2) Заради зачувување на видовите, подвидовите, расите, односно линиите, како и заради обезбедување задоволително производство на животински производи, одобрените одгледувачки програми мора да ја обезбедуваат генетската варијабилност на добитокот.
(3) Министерот го пропишува обемот на генетските резерви, како и начинот на обезбедување и одржување на резервите од ставот (1) на овој член.

**Член 45**

**Биолошка разновидност во сточарството**

(1) Биолошката разновидност во сточарството ја сочинуваат сите раси и/или линии на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни во Република Северна Македонија.
(2) Заштитата на биолошката разновидност во сточарството се изведува како јавна услуга за спроведување на мерките и активностите од програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството.
(3) Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството ја опфаќа оцената на состојбата и ги определува целите и насоките за:

1) зачувување на сите автохтони раси/линии на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни кои се одгледуваат на територијата на Република Северна Македонија, со посебен акцент на автохтоните раси/линии во автохтона средина;
2) зачувување на расите на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни надвор од средината во која настанале (ex situ зачувување), односно во средината каде што настанале (in situ зачувување) за секоја раса/линија на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни;
3) основање и функционирање на ген- банки во сточарството;
4) исполнување на меѓународни обврски;
5) едукација и обука за зачувување на биолошката разновидност во сточарството;
6) подигнување на јавната свест за значењето на зачувувањето на биолошката разновидност во сточарството и
7) поврзување со други програми во областа на земјоделството.

(4) При природни или други несреќи, кои го загрозуваат зачувувањето приплоден материјал, кој е потребен за минимално обезбедување на размножувањето на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни или доколку во поголема мера е загрозена биолошката разновидност на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни во Република Северна Македонија, министерот има право да им наложи на признатите организации на

одгледувачи, на држателите и одгледувачите на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни, на вршителите на јавни услуги како и на другите одобрени правни и физички лица од овој закон, посебни стручни и други задачи со кои ќе се спречи таквата загрозеност.
(5) Со Програмата од ставот (2) на овој член се определуваат финансиските средства за изведување на заштитата на биолошката разновидност во сточарството и тоа изведување активности и стручни задачи за воспоставување и одржување на ген-банки и за друга поддршка за заштитата на генетските резерви во сточарството.
(6) Програмата од ставот (2) на овој член на предлог на министерот ја носи Владата на Република Северна Македонија за период од седум години.
(7) Средствата потребни за реализирање на активностите од ставот (2) на овој член се обезбедуваат од програмите на Министерството.

**Член 46**

**Автохтони видови, подвидови, раси и линии**

(1) Автохтоните видови, подвидови, раси и/или линии во Република Северна Македонија се под посебен режим на заштита.
(2) Автохтони видови, подвидови, раси и/или линии на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни се:
(1) говеда – буша и домашен бивол;
(2) овци - каракачанска, овчеполска и шарпланинска;
(3) кози - балканска коза;

(4) кокошка - домашна кокошка;

(5) коњ - домашен коњ;

(6) магаре - домашно магаре;

(7) куче - овчарско куче шарпланинец;

(8) свињи - локална примитивна свиња и

9) пчели - пчела (Apis mellifera macedonica).

(3) Признавањето нови автохтони раси се врши по претходно доставено барање во писмена, печатена или во електронска форма, или со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал, или преку посредник за административни услуги по електронски пат согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги до Министерството.
(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член задолжително се приложува стручен елаборат кој на трошок на подносителот го подготвува изведувачот на јавната услуга за спроведување на програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството.
(5) Министерството по претходно позитивно мислење на Советот за сточарство ја запишува новата раса во Регистарот на автохтони видови, подвидови, раси и/или линии.
(6) Автохтоните видови, подвидови, раси и/или линии се запишуваат во регистарот на автохтони видови, подвидови, раси и линии кој го води Министерството во електронска форма и ги објавува на својата веб-страница.
(7) Начинот на одгледувањето и прометот на автохтоните видови, подвидови, раси и/или линии од ставот (2) на овој член, формата и содржината на барањето од ставот (3) на овој член, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (6) на овој член, ги пропишува министерот.

## Член 47

## Следење и анализирање на биолошката разновидност во сточарството

(1) Мониторинг на биолошка разновидност во сточарството е систематско следење и анализирање на состојбата на биолошката разновидност и истата се врши како јавна услуга или во рамките на спроведувањето на програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството.
(2) Начинот на изведувањето и мониторингот на биолошката разновидност во сточарството го пропишува министерот.

## Член 48

## Признавање нова раса

(1) Нова раса е раса животни кои одгледувачот ја создал преку планирано и систематско одгледување, парење и селекција заради зголемување на одгледувачката вредност.

(2) Стекнувањето на статусот на нова раса се утврдува со воспоставување матична книга за чистокрвни животни за која не е поднесена друга матична книга за време на поднесувањето на барањето и пропратната документација во печатена форма или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација, како и исполнување услови поткрепени со докази од ставот (4) на овој член.
(3) Заради стекнување статус нова раса на животни, признатата организација на одгледувачи поднесува барање со пропратна документација во печатена форма или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(4) Заедно со барањето од ставот (3) на овој член, признатата организација на одгледувачи приложува:

1) нововоспоставена матична книга;
2) доказ за видливите карактеристики на расата што ги разликува животните од оваа раса од животните од другите раси во видовите на кои припаѓаат;
3) докази за телесните мерки;
4) доказ за телесната тежина во однос на возраста;
5) доказ за обликот на телото (морфологија);
6) докази за технологијата на исхрана и технолгијата на одгледување;
7) доказ за производните и други особини кои се утврдени со испитување на продуктивноста (плодност, принос на млеко, раст, прираст, квантитет и квалитет на месо, одржливост, итн.);
8) докази за оценка на генетската вредност и извршени други тестови, доколку ги има (производствените и морфолошките карактеристики на расата за која е поднесена апликацијата не смеат значително да се променат барем во последните три генерации);
9) доказ за приспособување кон животната средина и кон климатските услови;
10) доказ за приспособување кон условите за одгледување во одредена географска област (локалитет);
11) доказ за значително генетско растојание од другите сродни раси (резултатите од тестовите утврдени со молекуларни генетски методи);
12) докази за други појави (предиспозиција за болести, други здравствени нарушувања, итн.);
13) доказ за бројот на машки и женски грла и
14) пресметка на ефективната големина на популацијата (најмалку 50).

(5) Барањето од ставот (3) на овој член го разгледува Советот за сточарство.
(6) Министерството, врз основа на мислењето на Советот за сточарство од ставот (5) на овој член, во рок од 30 дена одлучува за барањето од ставот (3) на овој член со решение, кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат или преку

квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(7) Доколку Министерството донесе решение со кое се одбива барањето, барателот може да поднесе жалба против решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.
(8) Жалбата од ставот (7) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (3) на овој член, ги пропишува министерот.

**Член 49**

**Ген-банка**

(1) За заштита и унапредување на биолошката разновидност во сточарството се воспоставуваат и одржуваат ген-банки.
(2) Овластениот вршител на јавната услуга за спроведување на мерките и активностите од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството во име на Министерството ја води ген банката и се грижи за in situ in vivo, ex situ in vivo и ex situ in vitro конзервација на генетскиот и биолошкиот материјал.
(3) Признатите организации на одгледувачи на автохтони раси/линии на животни, живина, пчели и други стопанско корисни животни кои се одгледуваат на територијата на Република Северна Македонија, а особено на автохтоните раси/линии кои спроведуваат одобрена одгледувачка програма за автохтона раса преставуваат in situ in vivo ген-банка на генетски и биолошки материјал.
(4) Ген-банките се должни генетскиот и биолошкиот материјал во in situ или ex situ форма да го собираат и да го документираат.
(5) Генетскиот и биолошкиот материјал од ген-банката може да се разменува или да се дава на користење.
(6) Начинот за разменување и давање на користење на генетскиот и биолошкиот материјал со кои располагаат ген-банките, ги пропишува министерот.

## IX. НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ, СОВЕТ ЗА СТОЧАРСТВО И ВРШИТЕЛИ НА ЈАВНИ УСЛУГИ

**Член 50**

**Надлежен орган**

Министерството ги врши следниве работи:

1) води постапки за одобрување на одгледувачките програми и признавање на признатите организации на одгледувачи, признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, одобрени одгледувалишта на пчелни матици и матични јата на живина;

2) спроведува службени контроли на операторите;

3) ги објавува признатите организации на одгледувачи, признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи и одобрени одгледувалишта на пчелни матици и матични јата на живина на својата веб-страница;

4) води регистри и бази на податоци согласно со одредбите од овој закон;

5) обезбедува поврзаност и пристап до регистрите и до базите на податоци според одредбите од овој закон и согласно со важечките прописи и

6) врши и други работи утврдени со овој закон.

**Член 51**

**Совет за сточарство**

(1) Советот за сточарство е стручно советодавно тело на министерот во областа на сточарството.

(2) Советот за сточарство дава стручни совети и мислења во областа на сточарството, и тоа за:

1) поднесоците за одобрување на одгледувачки програми;
2) промените односно воведувањето нови методи за испитување на продуктивноста и проценка на генетската вредост;
3) предлог - програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството;
4) прописите кои се носат врз основа на овој закон;
5) предлозите за долгорочни развојни програми од областа на сточарството;
6) предлозите за признавање автохтони и нови раси;

7) елементите за определување на цените на услугите и за обемот на услугите согласно со овој закон и
8) други стручни совети и мислења согласно со овој закон.

### Член 52

### Состав на Советот

(1) Советот за сточарство (во натамошниот текст: Совет) е составен од девет члена од претставници на следниве институции:

1) Министерството - област сточарство - два члена;
2) Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје - два члена;
3) Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје - еден член;
4) Факултетот за биотехнички науки - Битола - еден член;
5) Институтот за сточарство - Скопје - два члена и
6) Признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи - еден член.

(2) Членовите на Советот ги предлагаат институциите од ставот (1) на овој член од редот на вработените, а ги именува министерот со решение за период од пет години, со можност за повторно именување.
(3) Министерот ја свикува конститутивната седница, на која именуваните членови избираат претседател од членовите на Советот.
(4) Секретар на Советот е еден од членовите на Советот од Министерството и се именува од министерот со посебно решение. Секретарот се грижи за спроведување на заклучоците и мислењата на Советот, ги закажува седниците на Советот по сопствена иницијатива или по барање на претседателот.
(5) Советот донесува деловник за својата работа, со кој се определува начинот на работа на Советот.
(6) Трошоците за работа на Советот се на товар на Буџетот на Република Северна Македонија.
(7) На членовите на Советот им следува месечен надоместок во висина од една третина од просечната месечна нето-плата утврдена во Република Северна Македонија доколку во текот на месецот Советот има одржано најмалку една седница.

### Член 53

### Вршители на јавни услуги

(1) Јавни услуги кои се вршат согласно со овој закон ги вршат јавни установи утврдени со закон кои мора да се овластени и кои ги исполнуваат следниве услови:

1) поседуваат или користат соодветен простор;
2) соодветна техничка опременост и
3) соодветна кадровска екипираност.

(2) За секоја одделна јавна услуга поблиските услови од ставот (1) на овој член, ги пропишува министерот.

## Член 54

## Овластување

(1) Овластување за вршење јавни услуги од овој закон на субјектите од членот 53 став (1) од овој закон се врши врз основа на решение кое го донесува Министерството по претходно поднесено барање со пропратна документација во печатена или во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, или преку посредник за админисративни услуги за електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(2) За давање на овластувањето од ставот (1) на овој член субјектите треба да ги исполнуваат условите за вршење на јавната услуга од членот 53 ставови (1) и (2) од овој закон.
(3) Министерството во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за издавање на овластувањето од ставот (1) на овој член донесува решение, со кое одлучува по барањето за издавање решение за овластувањето. Решението за овластување може да биде издадено и во форма на електронски документ, кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса заведена на подносителот на барањето.
(4) Службеното лице од Министерството кое ја води постапката за издавање овластување за вршење јавни услуги по службена должност, ги прибавува доказите за исполнување на условите од членот 53 ставови (1) и (2) од овој закон во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето, преку Националната платформа за интероперабилност.
(5) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето, преку Националната платформа за интероперабилност.
(6) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот.

## Член 55

## Одземање на овластување

(1) Доколку овластениот субјект престане да исполнува некој од условите предвидени со членот 53 од овој закон или не ги извршува стручните задачи како јавни услуги предвидени во овој закон, Министерството донесува решение за одземање на овластувањето. Решението за одземање на овластувањето може да биде издадено и во форма на електронски документ кое се доставува до профилот на правното лице корисник на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронски препорачана достава на електронска адреса на овластениот субјект.
(2) Против решението од ставот (1) на овој член може во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен.
(3) Овластениот субјект на кого му е одземано овластувањето според ставот (1) на овој член нема право да поднесе барање за вршење јавни услуги од овој закон во рок од пет години сметано од денот на правосилноста на решението за одземање на овластувањето.

## Член 56

## Јавен конкурс

(1) За извршување мерки и активности, кои како јавни услуги се предвидени во овој закон, Министерството распишува јавен конкурс.
(2) На јавниот конкурс можат да се јават овластените субјекти согласно со членот 54 од овој закон.
(3) Јавниот конкурс особено содржи податоци за:

1) видот на јавната услуга;
2) почеток и времетраење;
3) критериуми за избор;
4) максимална цена за извршување на јавната услуга;
5) временски рок за извршување на јавната услуга;
6) контакт-лице за обезбедување информации во врска со содржината на јавниот конкурс;
7) начин и рок за доставување на пријавите;
8) дата, место и време на отворање на пријавите на конкурсот и
9) начин на информирање на кандидатите за извршениот избор.

(4) Постапката на отворање и оценување на понудите ја спроведува комисија, која е составена од пет члена од редовите на вработените во Министерството од областа на земјоделството.

(5) Комисијата од ставот (4) на овој член ја формира министерот.
(6) Овластените претставници на понудувачите можат да бидат присутни на отворањето на пријавите.
(7) Изборот по јавниот конкурс се врши во зависност од техничката и од кадровската опременост на учесниците, како и од висината на понудената цена за вршење на услугите кои се предмет на јавниот конкурс.
(8) Понудите кои ќе бидат поднесени по утврдениот рок во јавниот конкурс, нема да бидат разгледувани. Врз основа на спроведениот јавен конкурс од ставот (1) на овој член, а по предлог на Комисијата од ставот (4) на овој член, Министерството донесува решение за избор на овластен субјект за вршење одделна јавна услуга.
(9) Против решението од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето кој не е избран за овластен субјект има право во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(10) Критериумите од ставот (7) на овој член поблиску се определуваат со јавниот конкурс.

**Член 57**

**Договор**

(1) Субјектите кои се стекнале со решение за вршење на јавни услуги склучуваат договори со министерот.
(2) Договорот од ставот (1) на овој член се склучува во печатена форма и особено содржи податоци за:

1) давателот на услугите и стручните лица кои ја извршуваат услугата;
2) услугите кои се извршуваат;
3) начинот и условите за спроведување на услугите утврдени со договорот;
4) правата, обврските и одговорностите на давателот на услугите;
5) времето и начинот на извршувањето на услугите;
6) почетокот и времетраењето на услугите;
7) изворите на финансирање;
8) контролата на вршењето на услугите;
9) престанокот на важењето на договорот;
10) причините за раскинување на договорот и
11) периодот за раскинување на договорот.

**Член 58**

**Одговорност за изведување на јавните услуги**

Вршителот на јавната услуга од членот 57 од овој закон е одговорен за штетата која на непосредните корисници на услугите или на другите лица ќе им ја нанесе лицето кое директно ги изведува задачите од јавната услуга при вршењето или во врска со вршењето на задачите.

**Член 59**

**Финансирање**

Вршењето на јавните услуги, работата на Советот за сточарство, воспоставување и одржување на матично книговодство и испитување на продуктивноста или на генетската вредност се финансираат од:

- Буџетот на Република Северна Македонија,
- делумно или целосно од корисникот на услугата и
- други извори.

X. НАДЗОР

**Член 60**

**Надзор**

(1) Надзор над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведување на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот инспекторат за земјоделство преку државни инспектори за земјоделство.

## Член 61

### Инспекциски надзор

(1) При вршење на надзорот државниот инспектор за земјоделство ги врши следниве работи:

1) надзор над спроведувањето на одобрените одгледувачки програми и исполнувањето на барањата и условите согласно со овој закон;

2) надзор над соодветната зоотехничка документација, водењето на матичните книги и регистрите за приплод;

3) надзор над потеклото на приплодните животни и врши надзор на прометот со приплодни животни и зачетен материјал;

4) надзор над работата на признатите организации на одгледувачи, признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, одгледувалиштата на пчелни матици и матични јата на живина;

5) надзор над изведувањето на постапките за испитување на продуктивноста;

6) надзор над изведувањето на постапките за испитување и проценка на генетската вредност;

7) надзор над изведувањето на размножувањето на приплодните животни, како и надзор на евиденцијата за спроведен природен припуст или вештачко осеменување;

8) утврдува дали третите лица ги исполнуваат критериумите, условите и барањата пропишани во овој закон;

9) надзор над изведувањето на задачите од страна на третите лица;

10) утврдува дали изведувачите на јавните услуги според овој закон ги исполнуваат пропишаните критериумите, услови и барања;

11) надзор над изведувањето на задачите на јавните услуги;

12) надзор над работата и евиденцијата на одобрен центар за собирање и складирање на семе од приплодни машки грла и чување ембриони;

13) надзор над работата и евиденцијата на тим за собирање и производство на ембриони;

14) надзор над држењето на пчелните матици, спроведувањето на одобрените одгледувачки програми на признатите одгледувалишта на пчелни матици и трговијата со пчелните матици и

15) надзор над спроведување на одобрената одгледувачка програма за матично јато кај живината.

(2) При утврдено неусогласување, државниот инспектор за земјоделство:

1) презема потребни активности за утврдување на потеклото и степенот на ова неусогласување и за утврдување на одговорност на соодветните оператори и

2) презема соодветни мерки со цел да се осигура дека операторите ќе ја коригираат неусогласеноста и ќе спречат повторување вакви случаи.

(3) Кога државниот инспектор за земјоделство одлучува какви мерки да преземе, ја зема предвид природата на неусогласеноста и податоците за предметните оператори од претходните периоди во врска со обезбедувањето на усогласеноста.

(4) Ако при спроведениот надзор, државниот инспектор за земјоделство утврди неправилности, наложува:

1) на признатите организации на одгледувачи да го одложат внесувањето во матична книга на чистокрвни животни за приплод или признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи да го одложат регистрирањето во регистри за приплод на хибридни свињи за приплод;

2) на признатите организации на одгледувачи, животните за приплод или зачетните производи од нив да не се користат за приплод во согласност со овој закон;

3) прекин на издавање зоотехнички сертификати од страна на признатите организации одгледувачи или на признатите организации одгледувачи на хибридни свињи;

4) прекин или повлекување одобренија за одгледувачка програма, спроведена од признатите организации на одгледувачи или на признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, кога активностите на соодветната призната организација на одгледувачи или на признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи повторно, постојано или воопшто не ги исполнуваат барањата на одобрената програма за приплод;

5) прекин или повлекување одобренија за одгледувачка програма за пчелни матици, спроведена од регистрирани одгледувалишта на пчелни матици, кога активностите на соодветното регистрирано одгледувалиште на пчелни матици повторно, постојано или воопшто не ги исполнува барањата на одобрената програма за пчелни матици;

6) прекин или повлекување одобренија за одгледувачка програма за матични јата од чистокрвна приплодна живина, спроведена од регистрирани сопственици на матични јата на чистокрвна приплодна живина кога активностите на соодветниот регистриран сопственик на матично јато на чистокрвна приплодна живина повторно, постојано или воопшто не ги исполнува барањата на одобрената одгледувачка програма за матични јата на чистокрвна приплодна живина;

7) повлекување на признавањето на признатата организација на одгледувачи, на признатата организација на одгледувачи на хибридни свињи, регистрираното одгледувалиште на пчелни матици и регистрираниот сопственик на матично јато на чистокрвна приплодна живина ако соодветната призната организација на одгледувачи, призната организација на одгледувачи на хибридни свињи, регистрирано одгледувалиште на пчелни матици и регистриран сопственик на матично јато повторно, постојано или воопшто не ги исполнува условите утврдени во членовите 6 став (4), 39 став (2) и 41 став (2) од овој закон и

8) преземаат која било друга мерка која тие сметаат дека е соодветна, со цел да се обезбеди усогласеност со правилата утврдени со овој закон.

(5) Ако при спроведниот инспекциски надзор државниот инспектор за земјоделство утврди неправилности, недостатоци или повреда на одредбите од овој закон или прописи донесени врз основа на овој закон, ќе состави записник и ќе донесе решение со кое ќе наложи отстранување на утврдените неправилности, односно недостатоци во рок од 15 дена од денот на потпишувањето на записникот.

(6) При спроведување на инспекцискиот надзор државниот инспектор за земјоделство со известување и прилог-записник во оргинална форма, може да предложи до Министерството:

1) промена и/или бришење податоци во регистрите пропишани во овој закон согласно со утврдената состојба;

2) поништување на решението за упис во регистарот на признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, одгледувалишта на пчелни матици и матични јата живина;
3) поништување на одобрувањето на одредена одобрена одгледувачка програма и
4) други потребни активности за усогласување со одредбите од овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.
(7) Официјалната контрола на проверката на документацијата и проверката на пратките на граничните премини на Република Северна Македонија ја спроведува Агенцијата за храна и ветеринарство.
(8) Државниот инспектор за земјоделство за секој спроведен надзор води писмена документација, во која особено наведува:
1) опис на целта на службената контрола;
2) користените методи за контрола;
3) резултатите од службената контрола и
4) каде што е соодветно - активностите кои операторите треба да ги преземат како резултат од службената контрола.
(9) Освен ако за целите на судски истраги или заштита на судски постапки не е уредено поинаку, Државниот инспекторат за земјоделство треба да им обезбеди на операторите, кои се предмет на службената контрола, копија од писмената документација од ставот (8) на овој член.

**Член 62**

(1) Против решенијата од членот 61 од овој закон може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(2) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.
(3) Жалбата од ставот (1) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 63**

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, државниот инспектор за земјоделство не смее да ги открива на трети страни информациите кои ги добил при извршувањето на своите обврски во рамките на надзорот и другите службени активности кои, поради својата природа, претставуваат класифицирана информација или деловна тајна, освен ако не постои повисок јавен интерес за нивно откривање.
(2) Информации кои се предмет на класифицирана информација или деловна тајна вклучуваат информации чие откривање би ги загрозило:

1) целите на надзорот или истрагите;
2) заштитата на комерцијалните интереси на даден оператор или на кое и да е друго физичко или правно лице и
3) заштитата на судски постапки и правни мислења.

(3) Државниот инспекторат за земјоделство го врши инспекцискиот надзор со голем степен на транспарентност и објавува релевантни информации во врска со организацијата и спроведувањето на надзорот на својата веб-страница.

**Член 64**

(1) Доколку е потребно за извршување на надзорот или на други службени активности, персоналот на операторите на државните инспектори за земјоделство им го обезбедува потребниот пристап до:
1) нивната опрема, простории и други места кои се под нивна контрола;
2) нивните компјутеризирани системи за управување со информации;
3) нивните животни за приплод и нивни зачетни производи, кои се под нивна контрола и
4) нивните документи и секакви други соодветни информации.

(2) При извршувањето на надзорот и други службени активности, операторите помагаат и соработуваат со државните инспектори за земјоделство за извршување на нивните задачи.

(3) Трошоците за спроведениот инспекциски надзор кој е завршен без изрекување инспекциска мерка, ги покрива Државниот инспекторат за земјоделство.

(4) Трошоците за спроведениот инспекциски надзор кој е завршен со изрекување инспекциска мерка, ги покрива субјектот на надзорот.

**Член 65**

Начинот на остварувањето на соработката и давањето административна помош во случај на појава на неусогласености како во Република Северна Македонија така и на територијата на земјите-членки на Европската Унија, ќе се врши во согласнот со прописите за инспекциски надзор.

**Член 66**

Државниот инспекторат за земјоделство за извршениот надзор изработува квартални извештаи и ги објавува на веб-страницата на Државниот инспекторат за земјоделство на унифициран квартален преглед.

## Член 67

## Инспекциски мерки

Покрај мерките утврдени со посебните прописи, државниот инспектор за земјоделство може да:

1) одреди усогласување на одгледувањето на приплодните животни, хибридните свињи, пчелните матици и матичните јата на чистокрвна живина со пропишаните услови;

2) одреди отстранување на одредени неправилности при спроведувањето на одобрените одгледувачки програми;

3) одреди рок за отстранување на неправилности при водење на матичните книги, регистри и соодветната зоотехничка документација;

4) одреди мерки за отстранување на дискриминаторските однесувања на признатата организација на одгледувачи и

5) одреди отстранување на неправилностите при вршење на јавните услуги.

## Член 68

## Опомена

(1) За прекршоците предвидени во членовите 69 став (1) точки 4), 5) и 6), 73, 75, и 76 од овој закон, државниот инспектор за земјоделство со решение изрекува опомена како инспекциска мерка и определува рок во кој субјектот на инспекцискиот надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени во записник.

(2) Решението од ставот (1) на овој член се поднесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изработувањето на записникот.

(3) Државниот инспекторат за земјоделство е должен да води евиденција за изречените опомени.

(4) Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени ја пропишува министерот.

# XI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

## Член 69

(1) Глоба во износ од 1.000 евра до 2.500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на признати организации на одгледувачи и признати организации на одгледувачи на хибридни свињи, ако:

1) правилно не ја спроведуваат одобрената одгледувачка програма согласно со решението од членот 7 став (3) од овој закон;

2) правилно не ја спроведуваат одобрената промена на одгледувачка програма согласно со решението од членот 8 став (3) од овој закон;

3) не им овозможуваат на одгледувачите остварување на нивните права утврдени во членот 12 од овој закон;

4) немаат Деловник за работа согласно со членот 14 став (1) од овој закон;

5) не им издаваат зоотехнички сертификати на одгледувачите согласно со членот 29 став (1) од овој закон и

6) зоотехничкиот сертификат не ги содржи податоците утврдени согласно со прописот од членот 29 став (10) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи.

## Член 70

(1) Глоба во износ од 1.500 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе ? се изрече за прекршок на признатата организација на одгледувачи, ако:

1) не ги исполнуваат барањата за внесување чистокрвните животни за приплод во главниот дел на матична книга од членот 18 став (4) од овој закон;

2) не се придржува кон деталниот план за создавање и обновување раса спротивно од својата одгледувачка програма од членот 19 став (4) од овој закон;

3) не постапува согласно со барањата и начинот за запишување на животни во дополнителни оддели на матичната книга од членот 20 став (3) од овој закон и

4) издаде зоотехничкиот сертификат за копитари спротивно на содржината утврдена со прописот од членот 31 став (4) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе ? се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во признатата организација на одгледувачи.

## Член 71

(1) Глоба во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече за прекршок на призната организација на одгледувачи на хибридни свињи, ако:

1) регистрираат во својот регистар за приплод хибридна свиња за приплод од истата раса, линија или крстоска, која не ги исполнува условите од членот 23 став (1) од овој закон;

2) постапи спротивно на членот 23 став (3) од овој закон и

3) прифаќаат хибридни свињи за приплод од одредена раса, линија или крстоска, спротивно на членот 24 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во призната организација на одгледувачи на хибридни свињи.

## Член 72

(1) Глоба во износ од 500 евра до 1.000 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на трето лице микротрговец и мал трговец, во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трето лице среден трговец и во износ од 2.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трето лице голем трговец на кое му е доделено испитувањето на продуктивноста или оценувањето на генетската вредност, ако постапува спротивно на решениието од членот 26 став (8) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во третото лице микротрговец и мал трговец, во износ од 300 евра до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во третото лице среден трговец и во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во трето лице голем трговец на кој му е доделено испитувањето на продуктивноста или оценувањето на генетската вредност.

## Член 73

(1) Глоба во износ од 1.000 евра до 1.500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршок на спортските сојузи или федерации, ако:

1) правилата од членот 37 став (2) од овој закон не ги достават до Министерството и
2) резултатите од натпреварувањето не ги доставува до Министерството во рок од 30 дена од завршувањето на натпреварот од членот 38 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во спортските сојузи или федерации.

## Член 74

(1) Глоба во износ од 2.000 евра до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на јавната услуга ако работи спротивно на решението од членот 57 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 400 евра до 500 евра во денарска пртиввредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во вршителот на јавната услуга.

## Член 75

(1) Глоба во износ од 500 евра до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице микротрговец и мал трговец, во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице среден трговец и во износ од 2.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице голем трговец кое е регистрирано како одгледувалиште на пчелни матици, ако:

1) работи спротивно на прописот од членот 39 став (8) од овој закон и
2) правилно не ја спроведува одгледувачка програма од членот 40 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во правното лице микротрговец и мал трговец, во износ 300 евра до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице среден трговец и во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице голем трговец кое е регистрирано како одгледувалиште на пчелни матици.

(3) Глоба од 500 евра до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице микротрговец и мал трговец, во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице среден трговец и во износ од 2.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице голем трговец кое пушта во промет пчелни матици, а не е регистрирано како одгледувалиште на пчелни матици од членот 39 од овој закон.

(4) Глоба во износ од 200 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (3) на овој член на одговорното лице во правното лице микротрговец и мал трговец, во износ од 300 евра до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице среден трговец и во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице голем трговец.

## Член 76

(1) Глоба во износ од 500 евра до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микротрговец и мал трговец, во износ од 1.000 евра до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на среден трговец и во износ од 1.000 евра до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на голем трговец сопственик на матичното јато од чисторасна приплодна живина, ако:

1) работи спротивно на решението од членот 41 став (3) од овој закон и
2) правилно не ја спроведува одгледувачката програма од членот 42 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 200 евра до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице микротрговец и мал трговец, во износ од 300 евра до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице среден трговец и во износ од 400 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице голем трговец, сопственик на матичното јато од чисторасна приплодна живина.

**Член 77**

(1) Глоба во висина од 25 евра до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 26 став (5) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 25 евра до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 26 став (6) од овој закон.

(3) За прекршоците од ставовите (1) и (2) на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Член 78**

За прекршоците од членовите 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75 и 76 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

**Член 79**

(1) За прекршоците од членовите 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75 и 76 од овој закон Државниот испектор за земјоделство е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(2) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот.

(3) Одмерувањето на висината на глобата се врши согласно со одредбите на Законот за прекршоците.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 80

(1) Поблиските прописи кои произлегуваат од овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Прописите донесени врз основа на Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21) ќе се применуваат до донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член.

### Член 81

(1) Постојните овластени вршители на јавните услуги за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството и мониторинг на биолошката разновидност во сточарството, ќе продолжат да ги вршат своите дејности согласно со одредбите од овој закон.

(2) Признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, регистрираните одгледувалишта на пчелни матици и регистрираните матични јата на чистокрвна живина, се должни да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Доколку признатите организации на одгледувачи и признатите организации на одгледувачи на хибридни свињи, регистрираните одгледувалишта на пчелни матици и регистрираните матични јата на чистокрвна живина не го усогласат своето работење во рокот од ставот (2) на овој член, Министерството ќе ги избрише од соодветните регистри.

### Член 82

Започнатите постапки за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошка разновидност во сточарството, до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе се завршат согласно со одредбите на Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21).

### Член 83

(1) Одредбите на членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36 од овој закон ќе престанат да важат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

(2) Одредбите на членот 36 став (1) точка 1) потточка б) од овој закон нема да се применуваат се до пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

## Член 84

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите на членовите 34, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41 и 45 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија број 61/97) и Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" број 7/2008, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 122/21).

## Член 85

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".